СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Единаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**68 СЕДНИЦА-Х1 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОДРЖАНА НА 8.XII.1993Г.**

...ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЗАКОН ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ДРУГИ ПРАВА НА ЛИЦАТА ПРОГОНУВАНИ, ЗАТВОРАЕНИ И ОСУДУВАНИ ЗА ИДЕИТЕНА САМОБИТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И НЕГОВАТА ДРЖАВНОСТ И ЗА ИДЕИТЕ НА ВМРО

1. АНДОВ СТОЈАН 1, 81, 89
2. АБДУРАХМАН АЛИТИ 23
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 57, 59
4. АЛИУ ЕШТРЕФ 64, 66, 68
5. ГОШЕВ ПЕТАР 36, 39, 51, 52, 41б
6. ГОШЕВ ТУШЕ 51, 53, 80
7. ДИМОВСКА ДОСТА 32, 78
8. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ 53
9. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН 53, 62, 63
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО 14
11. ПЕТРОВ ТОДОР 26
12. ПЕЦАК0В ТОМИСЛАВ 69
13. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР 70, 72, 79
14. РАМАДАНИ ИСМЕТ 34
15. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 2, 13, 17, 61, 62, 76, 80
16. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 19, 23
17. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН 59
18. ТАИРИ ЏЕЛИЛ 17
19. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 26
20. ЏЕМАИЛИ ВЕБИ 31

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Единаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 8 декември 19 93 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Во салата има точно 54 пратеника, а следното утврдување на точниот број пратеници ќе го имаме во 12,30 часот.

Ги молам шефовите на пратеничките групи да со погрижат за присуство на своите пратеници.

(Чекањето на пратениците траеше од 11,45 до 12,35)

Седницата започна со работа во 12,35 часот.

Во салата се присутни 62 пратеника, имаме кворум за работа и можеме да продолжиме таму каде застанавме по точката 20 на 68-та седница.

Пратениците Митко Анастасовски, Никола Апостоловски и Цветан Јовчевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, расправајќи за Предлогот за донесување закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО, условно кажано, се создаде поларизација на политичките сили во ова македонско Собрание, односно изјаснување за потребата од донесување на овој закон и спротивно на тоа изјаснување против донесуваше на ваков закон, односно против рехабилитацијата.

Таа подвоеност е веќе стара подвоеност на Македонците во парламентарното мнозинство од една страна и опозицијата од друга страна.

Предлогот за донесуваше на законот го сметам за можност за отстранување на неправдите кон сите борци за слободата, правото на сопствена држава и самостојност на македонскиот народ, односно на македонската нација. Таквите борци за македонската кауза, да се потсетиме, беа прогонувани, судени и затворани уште за време на турската империја, за време на режимите на бивша Југославија, во Бугарија и Грција кои ги окупираа деловите на распарчена Македонија од 1913 година. Но што е најтрагичното за таквите борци кои беа прогонувани од федерална Југославија, односно нејзината федерална единка Македонија по 1945 година. Значи, имавме и едно такво прогонување по 1945 година и во таа тогашна федерална единка на бившата СФРЈ Република Македонија.

Врз основа на членот 3 6 од сегашниот Устав на Република Македонија овие борци, така да кажам, добија делумна сатисфакција само во гаранцијата на нивните социјални права и социјалните права на членовите на нивните семејства, односно со Предлог-законот за правата на воените инвалиди, на лицата прогонувани и затворани за идеите за

самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци што исто така беа на оваа 68-ма седница како точка 42. Овие борци за независна Македонија тие материјални и социјални права можат да ги остварат единствено ако се инвалиди. Така стои во членовите 2 и 15 од претходно цитираниот Закон.

Би се запрашал, дали оваа Влада, односно нејзиното парламентарно мнозинство не се најголемите лицемери на светот. Зошто? Од оваа говорница од страна на членовите на ПДП, СДС, Либералната партија, Социјалистичката партија и ПЦЕР повеќе денови слушаме лаги кои, како по некое непишано правило, за вакви историско - фактички работи, меѓу кои се јавува и Републичкиот одбор на Сојузот на борците, кој морам да кажам загрижен за паѓањето на својот вештачки создаден углед во народот и можноста за откривање на вистината, се става во улога на политичко - историски судија. Ова нивно арбитрирање ќе го цитирам од отвореното писмо до ова Собрание испратено и примено на 29 ноември 1993 година, а поводот е, како што стои во писмото, предлозите за рехабилитација. Цитирам: "Историјата на македонското национално ослободително движење покажува дека македонскиот народ..." и што е чудно, така стои во писмото "граѓаните на Македонија" .... "борејќи се за автономија и своја слобода и државност никогаш не биле против една поширока асоцијација во која Македонија би била рамноправна членка" на пример: балканска федерација, источна или југословенска федерација.

"Поаѓајќи од ова и четиригодишната борба на македонскиот народ во сојузништво со другите југословенски народи, македонскиот народ преку своите претставници на Првото заседание на АСНОМ прогласувајќи ја Македонија како суверена држава одлучи таа да стане рамноправна членка на југословенската федерација". Го потенцирам следното :

"Сојузот на борците на Македонија смета дека борбата за самостојна македонска држава после тоа не само што беше насочена против историските одлуки на АСНОМ, туку и директна закана за опстанокот на туку што со крв создадената македонска држава".

Од писмото на врвот, односно раководството на Сојузот на борците на Македонија.

Прво и основно и во ова отворено писмо кое со ништо не се разликува од искажувањето на пратениците од СДС господата Тито Петковски и Никола Поповски и нивните коалициони партнери од партијата на албанското малцинство ПДП, се протежираат тези дека дострелот на праведните барања на македонскиот народ биле федерирањето на овој дел од Македонија што е сега Република Македонија во југословенската федерација. Сето друго се прогласува за издајство затоа што еве ќе повторам Сојузот на борците на Македонија смета дека борбата за самостојна држава после тоа не само што беше насочена против историските одлуки на АСНОМ, туку и директна закана за опстанокот на тукушто со крв создадената македонска држава. Ова претходно мислење на раководството на Сојузот на борците на Македонија е директно вперено против сегашната независна македонска држава Република Македонија. Заложба толку блиска со идеите на Сојузот на комунистите на Македонија зближени за Југославија кои велат дека македонското прашање еднаш за секогаш е решено во рамките на Југославија. Каков апсурд? А сега има- ме независна македонска држава.

Прашањето за самоопределување на македонскиот народ во сите негови делови на распарчена Македонија беше и главното недоразбирање помеѓу национално демократската струја во Народноослободителната борба предводена од Ченто,Панко Брашнаров и други иројугословенската струја со Михајло Апостолски, Лазар Колишевски, Борко Темелковски иницирана од инструкторот на

Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија Светозар Вукмановиќ Темпо.

Национал демократите го поставуваа прашањето на борбата на македонскиот народ за национална слобода и обединување додекаројугословенската струја била за парцијално решавање на македонското прашање во рамките на Југославија и само за оној дел кој сега е Републ ка Македонија. И тогаш во 1944 година уште еднаш се потврдија вештите македонски делби изразени преку таканаречените леви и десни сили во македонското револуционерно движење или федералисти и автономисти во •ЗМРО од 1918, па се до почетокот на Втората светска војна. Автономистичката или десна ВМРО на Тодор Александров и левата федералистичка ВМРО потоа обединета на Димитар Влахов, Панко Брашнаров и Павел Шатев кој 1929-та година ја напушти оваа ВМРО-Обединета, ако се знае, а тоа е историски докажано дека на пример и Тодор Александров и Димитар Влахов едниот се до своето загинување во 1924 година, а вториот до 1930 односно 1934 година на ист начин се декларирале национално. Тогаш неспорно е дека недоразбирањата биле првенствено од идеолошка природа, а не од национална. Едниот е негиран знаеме дека Тодор Александров е негиран, а Димитар Влахов е славен во македонската историја, без разлика што велам и ќе повторам дека национално недоразбирање меѓу нив воопшто немало.

Што се случувало на почетокот на НОБ во тогашниот вардарски дел од Македонија, односно 1941-1942 година, каков бил односот на српските инструктори на КПЈ кон македонското национално прашање, односно какво било расположението на Македонците во тие години кон Југославија која била, морам да кажам, како творба замразена. Цитирам:

"Со името Комунистичка партија на Југославија го сакале ние тоа или не, ги одбиваме масите од платформата и кај нив оставаме впечаток дека однапред ја сврзуваме судбината на македонскиот народ за

Југославија, а не тој сам да се определи. Македонскиот народ исклучително се плаши од враќањето на Југославија". Ова е цитат од писмото на Добривоје Радосављевиќ, инструктор на ЦК на КПЈ испратено до ЦК на КПЈ на 20 ноември 1942 година. За мислењето, односно расположението во Македонија по однос на прашањето на Југославија. Ова можете да го проверите од извори за ослободителната војна и револуцијата во Македонија 1941-1945 година Том I, книга I, страница 396-397.

Кои се главните одлуки на АСНОМ, кои често пати овде се повторуваат, ги има и во реагирањата на раководството на Сојузот на борците на Македонија, што морам да признам и јас и мојата партија ВМРО-ДПМНЕ до сега никогаш не сме го негирале како етапа во разрешување на македонското прашање. Тоа безброј пати сме го искажале и затоа велам сакам да го цитирам најпрвин Панко Брашнаров членот на два илиндена кој интонирањето на химната "Изгреј зора на слободата" на времето кога сакаше ВМРО-ДПМНЕ да ја земе за своја химна за Првиот конгрес на ВМРО-ДПМНЕ се крена една таква хајка во Македонија дека таа химна е бугарскам а не знам дали многумина знаете од вас таа химна беше неофицијална химна до 1947 година на тогашната федерална, односно Народ- на Република Македонија затоа што се пееше во НОВ. Во овој момент, цитирам, во ова историско место Свети Отец Прохор Пчински и на овој историски ден Илинден објавувам дека е отворено Првото антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Душата ми е преполна со радост и пред моиве, веќе слаби очи ги гледам како се раздвижиле сите реки на овие простори од Пчиња и Вардар Домнеста и Бистрица заплискувајќи ја целата македонска земја сакајќи да го измијат од македонскиот народ десетвековниот ропски срам од пропаста на Самуиловата држава за да се роди нова, светла и слободна македонска земја. Завршен цитат.

Каде заврши Панко Брашнаров би ги запрашал раководителите на Сојузот на борците на Македонија и господинот Тито Петковски. Нај- мередавни се тие да кажат каде заврши господинот Панко Брашнаров. На историското прво заседание на АСНОМ се донесоа одлуките, но и Манифест во чиј тест е запишано и ова, цитирам.

"Тргнувајќи од вековните идеали на македонскиот народ, првото македонско народно Собрание ја прокламира пред целиот свет својата праведна и неотстапна желба за обединување на целиот македонски народ. Со тоа ќе се стави крај на ропството на сите делови на македонската земја и ќе се создадат услови за искрена солидарност и мир меѓу балканските народи". Завршен цитат.

Претседателот на Президиумот на АСНОМ Методија Андонов Ченто потпирајќи се на разговорите водени со Тито на островот Вис во јуни 19 44 година и документите на АСНОМ, поднесува амандман на Уставот на Југославија во 19 4 6 година, со кој се залага принципот на самоопределување на републиките до отцепување да биде внесен во тој Устав на Југославија. Знаеме од историјата дека од другите тоа не било прифатено и затоа јас на некој начин можам да го искажам својот бес затоа што и нашите македонски проверени кадри исто така беа против овој негов амандман. Ова негово залагање, не знам колку од вас знаат, но го има во Уставот на Народна Република Македонија од 19 46 година, однос- но таму стои дека Република Македонија има право на самоопределуваше до отцепуваше. Морам да повторам дека по неговата смрт со амандманот 74 од претходниот Устав на Република Македонија амандман кој беше донесен во 19 90 година. Тука морам да кажам дека вие господа од така- наречениот лев блок и тоа право на тој начин не го искористивте за решавање на прашањето за независност на Република Македонија, односно за референдумот кој беше спроведен во 1991 година. Тоа беше основното. залагаше на партијата ВМРО-ДПМНЕ и на нејзините пратеници во ова Собрание

Ченто од "здравите сили" беше осуден на 11 години затвор. Умре во потполна беда, а сега тие "здрави сили" не му дозволуваат нему и на сите борци загинати за независна и самостојна Македонија политичка рехабилитација по пат на закон, односно праќаат соопштенија со печати со ознака СРМ дури едно видов и со НРМ. Значи, толку тие борци сметаат, односно тие раководители на борците сметаат дека сеуште времето за нив стои. Времето тече, Република Македонија е независна држава.

Обичните борци, би кажал без дворци од стоилјадната македонска војска во 1944 година добро знаат кого го славеа како херој и извикуваа Ченто, Ченто, Македонија, Македонија, а не извикуваа во тоа време Југославија, Југославија, туку Македонија, Македонија. Во- општо не го познаваа кој е Лазар Колишевски, единствено целиот македонски народ го познаваше Ченто како водач на таа НОВ. Таквите обични борци еден огромен број сега се членови, тоа можам отворено да го кажам, на ВМРО-ДПМНЕ дури и поедини претседатели на општински организации на борците. Мислам дека доста ни е и нам и ним од лагите на "здравите сили" и нивните гласноговорници во овој Парламент.

Врхушката на Комунистичката партија, а сега како раководи- тели на Сојузот на борците и тогаш и сега се плашеа и се плашат за независна Македонија. Тие се бореа за нешто друго кое го снема, ќе кажам испариутаа СФРЈ односно таа Југославија таква повеќе не постои и тоа е реалноста. Реалноста е и дека Република Македонија е независна држава.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:** (продолжение)

Сите оние прогонувани и затворани за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО и после 1945 година имаат право, а ние како пратеници и морална обврска имаме да им го овозможиме тоа преку закон да се сеќаваат дека македонскиот народ не ги заборавил, не ја заборави нивната борба и нивните лични жртви за ова што денес е Македонија, за овој незин дел што се нарекува, односно што е држава согласно името Република Македонија. Затоа вас господа ќе повторам на т.н. лев блок кој велите дека сте само граѓански граѓани , бидете македонци соберете храброст, реагирајте кога албанските пратеници ја искривуваат историјата и од оваа говорница, реплицирајте им или пак реплицирајте им, односно чувствувајќи се понижени затоа што се изнесуваат невистини од оваа говорница за македонската историја ви е страв тоа да го сторите дека ќе ви се распадне коалицијата. Затоа ли ги затворате очите и при формирањето на сеалбанска паравојска, односно настојувањето за федерализација на Република Македонија. Јас се чудам зошто сте против закон за рехабилитација на борците за самостојна Македонија , се чудам и затоа што е оваа прва фаза, затоа што предлагачот предлага Предлогот на законот на некој начин верувам од една чиста желба да се постигне едно македонско национално единство и по ова прашање, по прашање на рехабилитација, односно смирување на така да кажам 100 годишната граѓанска војна, така би ја нарекол меѓу македонците во сите аспекти на движење на македонското револуционерно движење, односно во ВМРО. Затоа велам овој закон е во прва фаза, а во понатамошната постапка реагирајќи со забелешки и со амандмани и вие и вашата Влада можете да го измените текстот, имате парламентарно мнозинство но

вака неприфајќајќи ја оваа прва фаза вие всушност не сакате помирување ниту на починатите, ниту на живите македонци. Не го сакате македонското национално единство, велите дека не ги рехабилитираме пробугарите, а што станува со просрбите, прогрците итн. Дали повторно ќе имаме делби како македонци овој е про Бугарин овој е про Србин, овој е про Грк. Треба еднаш тоа да го заборавиме односно да го откачиме од нашата историја и да бидеме единствени барем по вакви прашања каде што се работи за политички чин со закон за помирување на сите македонци. Законот е јасен и дециден за македонска самобитност и независна држава и за ВМРО и неговите идеали. За независна македонска држава. Ќе повторам се поставуваа прашања за кое ВМРО. Знаете господа дека пред некаде 30 дена и на прославата на ВМРО бевте. За тоа ВМРО се работи, за единственото ВМРО, нема повеќе ВМРО-а, иако имало факции леви и десни, сепак е ВМРО едно, а тоа е идејата, која е идејата. Автономна, федерална ли, независна држава, сепак се мисли за Македонија како една целина, односно на целокупната Македонија во своите етнички и географски граници.

Почитувани пратеници, господинот Тито Петковски некни во својата дискусија која не се разликуваше од оние напамет научени дискусии за проверените и подобни ќе кажам во наводници апаратчики, тој руски збор се употребуваше и овде, на единствената им партија, искажа и невистини кои имаа и цел да предизвикаат повторно делби и несогласувања меѓу нас македонците.

Прво, во точката 19 во дневниот ред на оваа седница не се раправаше за правата на сите борви од НОБ, туку за правата на мал број бескрајно привилегирани борци, раководители или борци со спомен дворци како што кажа господинот Трајан Мицевски и правата на еден единствен мислам сеуште жив учесник во Шпанската граѓанска војна, а не национално ослободителна војна и револуција. Против кого, против

шпанците од победничката фашистичка ќе кажам во тој стил исто национално ослободителна армија и борба. На голем дел од репресираните луѓе, заради непристапување во колективот и во селските задруги во пресудите им пишува дека се контра револуционери, се здружувале за насилно рушење на тогашна Југолсавија и создавање Ванчо Михајловистички организации. Тоа се импутации господа. Зошто? Зошто во повеќето од овие пресуди ќе повторам фигурира и суден , завеен, односно за Ванчо михајловизмот. Од едноставни причини на вештачки начин да се оттргнат луѓето кои немале ништо заедничко со Ванчо Михајлов, туку сакале да си ја заштитат сопственоста, кои претходниците на вашата партија господине Петковски сега трансформирана партија им ја одземаат, а сега синовите на тие што им ја одземаат на тие што им ја одземаа во име на народот и државата со оваа најнова трансформација на тој капитал итн. станаа нови сопственици односно газди. Два пати имаме грабеж и 1945 и 1993 година. Во одлуките на АСНОМ вие рековте дека се наброени националните интереси меѓу другото и за демократија , за повисок стандард, човечки живот, да се почитуваат правата на човекот и граѓанинот. Тоа е точно, но права вистина е дека повисокиот стандард го нема и за тоа сме сведоци. Поскапувањата се секој ден, а народот е се посиромашен и посиромашен. Човечкиот живот беше прашање на решавање на одделни партиски моќници 45 години кои сега се во раководството на Сојузот на борците на Македонија, не сакам да им ги спомнам имињата. Не се почитуваат правата на човекот. Не ги почитуваше таа единствена партија. Тоа е вистината исто така. Значи таа партија 45 години беше против принципите токму на тој АСНОМ и тоа е вистина. Значи вие и вашите претходници не го признавате АСНОМ, значи и дека и не ја признавате и сегашната состојба,,односно Република Македонија.

што јас ќе повторам дека ние како ВМРО-ДПМНЕ тие принципи на АСНОМ и се залагавме да се остварат, односно македонскиот народ правото за сопствена држава да го искористи и го искористи.

Предлагате амнестија наместо рехабилитација. Ќе кажам дека е тоа лицемерие од прв степен. Зошто? Рехабилитација значи политички чин озаконет преку генерален закон кој потполно ги рехабилитизира жртвите од агресија од политички спротивставената страна. Во овој случај имавме политичка репресија преку власта што ја држеше политичката страна која беше победничка условно кажано. Тие луѓе од политички причини беа судени и затоа треба рехабилитација а не амнестија. Затоа што амнестија е милосрдие од страна на државните органи за простување на вината. Значи вината постои, меѓутоа ние сме толку добродушни еве сега во 1993 година, во независна РМ ќе ви ги простиме гревовите. Како лицемерие господо? Значи, добро се владеевте, ќе ве амнестираме. Тоа е огромна разлика, тие луѓе не се покајале за своите заложби за независна Македонија, тоа некои го платиле со живот, некој со инвалидност, а некој со одземање на граѓанските права. Така стои во пресудите. Таа нивна заложба ќе повторам, сега е стварност и ако не ги рехабилитираме, туку амнестираме, значи дека и ние како Собрание не ја признаваме реалноста, односно денешното постоење на РМ. Јас би сакал да го спомнам случајот само на сега со благослов божји и со поддршка од православниот дел на македонскиот народ случајот господин, господин Михаил, архиепископот на Свети Климентовата македонска православна црква.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може да ги поштедиме тие свети луѓе од нашите дневни потреби овде.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Господ да ни го.. поживи. Кој како учесник во НОБ, тој човек беше осуден од претходниците на вашата партија и на другата партија на 7 години затвор кој како учесник на НОБ иницијатор за вообновување на македонската автокефална православна црква, заедно со други 35 свештеници беше осуден и одлежа 7 години затвор за идеите на ВМРО и независна македонска држава. Зошто господа бивши, а можеби и сегашни едноумници? Затоа што се одржал македонски црковно народен собир на кој е донесена резолуција за автокефалноста на македонската православна црква. Еве што вели за ова претставникот на тогашната Влада на Федерална Македонија."Автокефалност значи одвоеност, прекинување на секаква врска со српската патријаршија. Затворање во кругот на самата себе;,: што значи нарушување на братството и единството на Југословенските народи'.' Завршен цитат. Затоа верува дека ова е реакција што уследи пред малку. Затоа што тоа е вистината, тоа е македонската историја, некого можеби ќе го боли уште долги и долги години. Лицемерно повторно прашувајте за кое ВМРО. Ќе повторам ВМРО е едно и неделиво, врежено во колективното сеќавање на македонскиот народ , односно на македонската нација. Она ВМРО за чија 100 годишнина ќе повторам вие седевте во првите редови на прославата и бевте први на софрите. Затоа што ни Јован Бабунски, ни Стојан Мишев, ни Ванчо Михајлов не признаваат македонска нација. Ниту тие ни нивните следбеници не можат да бидат во рамките како што е предложено, прогонувани затворани и осудувани за идеите и самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и идеите на ВМРО. Таму нема место за разни чувства господа, таму има место само за чесните македонци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не е ова процедурално прашање, бидејќи господинот Стојков многу сака со мене да разговара од оваа говорница јас тоа и го користам. Јас нема да се впуштам во полемика со сите негови и антитези, бидејќи беа крајно догматски, историски непотврдени и ненаучни и со такви не сакам да водам разговор, бидејќи ми треба компетентни говорници за таква работа. Но тоа е уште една потврда дека ова прашање, овој закон се користи за дневно политички потреби и еве седми или осми ден расправаме на оваа тема, јас не знам како ќе ја заокружиме оваа тема, а ако се имаше навистина намера да се говори на националното измирување во Македонија, ве молам да поставиме таква тема на дневен ред. Меѓутоа да побараме од компетентни личности, од науката, од Македонската академија на науките и уметностите, некој од вас не ја почитуваат, но ние немаме друга, таа е наша македонска. Ние немаме друга академија. Ако имате друга донесете ги и тие документи. Но дајте соочете се со научниците. На овој Парламент, ова Собрание , не сме ние труст на мозгови по историја овдека помеѓу национални прашања. Ние напротив мислам дека има многу дилетанти, има и многу провокатори кои ќе зафатат од контекст некои прашања и овдека ние по цели денови ќе расправаме за таа работа. Ова Собрание не е компетентно да расправа за тие историски теми. Според тоа, дајте за овие теми ако навистина сакате да направиме сериозна држава, сериозно да расправаме, а тоа значи да оставиме на луѓето што се занимаваат со таа професија, пак тие нека ни направат анализи, согледувања, да ни дадат информации, па да седнеме како Парламент и да одлучуваме.. Ние сега навистина фрагментарно расправајќи за поедини делови , можеме сосема во погрешна насока добрата идеја да ја заведеме. Јас не слушнав овдека, бидејќи бев прозван што мислам за Шатев, за Брашнаров за Ченто. Тоа се исклучително позитивни личности во нашата

историја, а јас не можев да ја делам судбината на оние што го осудиле Ченто и незнам во кое има го осудиле и Панко Брашнаров и Павел Шатев, меѓутоа, од секого од вас да кажете овдека во овој контекст кога ги спомнувавте тие историски имиња кој и зошто го уби на пример Јане Сандански, кој го уби Добри Даскалот, Ѓорче Петров, Тодор Паница, Тодор Чопов, Димо Хаџи Димов, бидејќи во нашата историја тоа е напишано на еден начин, јас не сакам убијците на овие што ги спомнав да ги рехабилитирам и немате право да ме натерате со никаков закон. Според тоа, јас се залагам само за тоа. Дајте да расправаме ве молам компетентно за она за што сме надлежни. Овдека се прави обид да се фалсификува македонската историја. Јас реков на почетокот на својата дискусија . Не сум доволно компетентен за тоа да кажам. Дали ова вие што го кажавте и овие имиња што ги изначитавте се бореле за Македонија јас незнам. Чесен збор. Меѓутоа, ќе им верувам на оние што се за тоа и платени и компетентни. Македонија по втората светска војна која што упорно сакате, бидејќи постојано разграничувате за тоа, меѓу борците на НОБ има и чесни, а сите што се бореле за идеите на ВМРО во принцип се апсолутно промакедонски. Дајте правете ја таа дистинција ако веќе говорите за едните ги издвојувате, не можете другите да ги трпате во кош на чесни луѓе кои се. Според тоа втората светска војна односно НОВ ја нареди Македонија во редот на најпрогресивните нации во светот, бидејќи застана на страна на оние што се бореа против најголемото зло во тоа време, фашизмот. И немојте сега да ја враќате историјата назад. Ова што го правите е обид да се врати Македонија повторно онаму каде што сака некој да ја смести. Според тоа, не можеме со убијците на македонските патриоти да ги ставиме во исти кош што ја задолжиле и македонската нација и Македонската држава.

Јас само тоа сакам и како што гледате и во денешните новини нашите научници од Кривично право и историчари се доста поделени. Според тоа не барајте од овдека ние да го исцицаме од малиот прст целото знаење концентрирано во нашите национални институции денес да одлучиме дали навистина овој закон треба да се донесе или не. Јас цело време тоа го говорев. Не тврдам дека овој е во право или оној е во право. Не сум компетентен за таа работа. Немам доволно информации, немам доволно аналитички согледувања да се определам . А вие ме терате со сила да се определам за нешто што не е во доменот на моите сознанија. Според тоа, ако Македонија навистина тогаш асе нареди во редот на цивилизираните народи, најпрогресивните немојте повторно да ја враќате денеска назад во втората светска војна. А да се повлече знак на равенство на сите што се бореле за идеите на ВМРО, јас незнам еве тоа е мислам нецивилизирано и апсолутно антимакедонски. И уште само еден пример еве се отвори во јавноста полемика, дали некој човек за време на окупацијата односно бугарската окупација во Македонија бил бранител и дали облекол фашистичка униформа, за тоа јавно признава дека се борел против комунистите од 1941 ®о 1944, а се знае дека комунистите биле на чело на тие партизански одреди и единици, значи се борел на некоја друга страна ако се борел против комунистите и тогаш. Јас незнам дали е тоа точно, извинете, ниту можам да го обвинам тој човек, да го осудам, ниту можам да го рехабилитирам. Меѓутоа тие негови соборци тогаш, тие негови актуелни пријатели пишуваат во весниците со име и презиме и се потпишуваат. Според тоа немојте за нешто што историјата е надлежна и судовите, ние овдека да се убедуваме меѓу себе, затоа што нема крај таа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ги молам пратениците од опозицијата доколку сакате навистина да се дојде до вистината по оваа точка да дозволите другите да кажат што мислат. Инаку, значи вас не Ви е до вистината.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Кој сака да продолжи со репликата овде е говорницата. Јас сакам овде нешто процедурално да кажам. Го прашувам претседателот, односно претседателството зошто испрати точката 21 од седницата која ја заклучивме, односно Предлогот за донесување на закон за изменувања и дополнувања на законот за претвараше на краткорочни кредити од примарната емисија во долгорочни кредити, со Предлог на закон. Колку што се сеќавам, јас не сум дал согласност да се повлече истата. Ако е намерно повлечена, тогаш сметам дека оваа работа некореспондира со Деловникот за работа на Собранието

**СТОЈАНА АНДОВ:**

Ние сме сега на 20-та точка. Кога ќе дојдеме на точка 21 ќе известиме. Тогаш ќе соопштиме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Бидејќи господинот Тито Петковски ја признава само званичната историја што 45 години се пишува во оваа македонска држава, условно ќе кажам, односно држава со сите свои атрибути од пред две години. Она што го искажав,затоа и донесов овде четири книги, го поткрепувам со изданија, односно со пишуван материјал од автори кои се сеуште важат авторитети во областа на македонската историја Јас само ќе ја читам книгата издадена од "Култура" Скопје во 1983 година, инаку тоа е книгата од Централниот комитет на ВМРО обединета "предавниците на македонското дело "со коментарите, односно со документите кои ги средил Иван Катарџиев еден авторитет во областа на историските науки. Мислам дека она што го изнесов не е едно прашање на иследничко кажуваше на историјата што беше својствено на партиските челници на таа единствен а партија во поранешните 45 години, односно истиот стил на кажување на историските вистини го видовме и пред малку од оваа говорница односно но во реакцијата на господинот. Ќе цитирам,

кажувам издание од 1983 година "Култура" Скопје, званична книга на македонската историографија. ВМРО Обединета се бори за независна, обединета Македонија зошто населението во Македонија е разнородно по национален состав. тоа е испретплетено во едно исто место, во една иста околија живеат дури и по неколку народности. Присоединувањето на цела Македонија, или на дел од неа на пример кон Бугарија, значи национално ропство за македонските небугари, а знаеме дека сите тие, тоа е историска вистина , земете исто така Иван Катарциев прашајте го, јас само ќе ве потсетам, земете ја скратената историја на македонскиот народ каде што меѓу авторите и ценетиот Михајло Апостолски и Иван  Катарџиев и други истите овие работи ќе ги сретнете дека во 1924 година кога е пишуван мајскиот манифест за создаваше на ВМРО обединета на левите и десните сили односно на автономистите и федералистите, така стои во нашата историја, а не предавници и непредавници, туку леви и десни од идеолошка гледна точка. Сите тие и левите и десните таму стои дека се сметале и припаѓале на една иста, имале една иста национална припадност. Тоа е едното прашаше.

Сега ќе ви го цитирам и другиот цитат по основното прашање за националноста на македонците старата ВМРО немаше јасен став и испаѓаше во противречности. Таа го признаваше, а тоа врховистите го чувствуваа како трн во очите го истакнуваше постоењето на македонскиот народ во самостојната географска и економска целина на Македонија која ги има сите права да се одели во независна држава . Но, во исто време во старата ВМРО доминираше погрешното мислеше дека македонските словени се бугари и тоа во сите нивни документи можете да го видите. Затоа велам дека ние, почнувајќи и градејќи ја свеста на македонскиот народ од поединци дури од 1870 година па наваму созреаа условите и оној терк за создавање на нација од племе народ, еве конечно со својата државност македонскиот народ создаде и своја македонска нација. Меѓутоа, тоа е нашата историја се срамеле ние или не. Зошто го спомнав Стојан Мишев само да кажам. Стојан Мишев беше член на најтесното раководство на ВМРО, на тоа ВМРО автономистичко и прв другар на Тодор Александров. И вие во историјата ако видите ќе го најдете тоа исто од наши историчари, не од туѓи, не од бугарски, туку од наши македонски

историчари. Затоа толку книги донесов, за да еднаш како што направија словенците, како што направија шпанците кои имаа граѓанска војна и сите цивилизирани народи да направиме, да донесеме еден закон кој ќе биде едно помирување национално помирување на идеолошка основа за да не се караме, вие сте предавници, а вие сте чесни. Во идеологијата секогаш и секој има право да има идеологија, да припаѓа дали на комунизмот, дали на граѓанската опција дали на Центарот, дали на десните партии итн. Тоа е право на човекот. Меѓутоа, не може тоа право да се користи од една и единствена партија и 45 години да се тврди, не можат со тие да се помириме. Ние, се знае со кого не можеме да се помириме, секој што е против македонската нација без разлика што порано имале погрешно мислење и левите и десните да го повториме тоа, меѓутоа имаме држава, ни треба национално помируваше на сите идеолошки сили и леви и десни и комунисти и националисти итн. Да го цитирам само Димо Хаџидимов, кој вели: "Ни треба обединуваше на националните сили, комунистичките сили и анархистите во една единствена ВМРО".

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, прво мое настапување пред ова Собрание беше молба од пратениците да правиме разлика помеѓу политичко определување и државничката обврска како пратеници. И второ од оваа говорница пред да се од ова Собрание избере Одборот за прослава на 100 години од ВМРО, реков дека ВМРО е психичкиот ген на македонецот за создавање на национална држава. Ова кој не го помни, нека ги чита стенографските белешки од седниците и ќе види дека така сум говорел. Поради овој мој став сега се придружувам на поборниците да овој предлог на закон како е, таков е, односно само предлогот за донесување на закон да се усвои, а понатаму да се говори, да се задолжи предлагачот да даде нацрт за законот и да се направи дистинкција дека едно е да се даде основ за работа, а друго е материјалот кој ќе биде расправам и усвојуван. Не правејќи разлика меѓу овие две работи, ние влегуваме во полемики кои не водат баш на национално разидуваше, наместо помирување.

Господа, законот идејно, дали тоа ќе биде едно име употребено, дали ќе им се опрости или ќе им се признае од стана на државата на оние кои биле

прогонувани за идеите на националноста,за идеите на ВМРО за самостојна држава, како ќе биде името на законот е сосема споредна работа. Содржината ќе ни каже како и на кој начин ќе успееме ние како држава сега кога идеите за создаваше на национална македонска држава биле само идеи без другите два, или три атрибута, односно основниот атрибут да се владее со територија, затоа што териториите секогаш ни биле владеени од друг, ќе признаеме и да им се практично извиниме за грешките што ги направиле. Ова начело што треба да биде основ за овој закон доведе да размислуваат поодделни колеги овде и од оваа говорница да говорат и не прават разлика помеѓу мисла и борба за создаваше на национална држава и борба за Македонија. Содржински овие, создаваше на национална држава е едно, а борба за Македонија можат да ја водат сите, па и комшиите и да кажуваат дека ние водиме борба за Македонија, меѓутоа, намерата на тие е да ја освојат Македонија и територијално и економски и географски и политички и етнички. Додека оние кои сакаат да создадат држава да тоа го заштитат во свој интерес. Топа се основните разлики кои господата што учествуваа пред мене овде говореа дека и некои други, па и балистите се бореле за Македонија. И јас размислувајќи на ова правам разлика дека балистите се бореле за Македонија да ја освојат. И затоа во еден дел кој ги водеше балистите на територија на Кума- ново ага Суља имаше своја теорија: ќе ја делиме една шина ваша, една наша. Тие не се бореа за Македонија, туку се бореа за Македонија во простор, и не треба господата да прават такви споредувања со идејата за национална слобода и национална држава. И ако тоа го прифатиме ќе дојде и теоријата на српскиот двор да првата балканска војна ја воделе за Македонија и теоријата што и сега преку српскиот печат стои во секое заглавие "ми смо се борили за Македонију". Тоа го цитирам точно насловот на натписите дека тие се бореле за Македонија не да ја ослободат, туку се бореле за Македонија. И затоа и сега одделни кругови во Србија говорат дека постоењето на Зебрњак има историско значење за српскиот двор. Има, меѓутоа, поинаков, а не да не ослободат од влијанието на турската империја.

Вториот дел за кој сакам да говорам, па законот, односно предлогот за донесување на закон говори што? Да се изврши рехабилитација на оние осудени и неосудени кои се бореле за идејата и опфаќа период. Тој период се кажува од 1944 година, па наваму. Значи, постоеле две струи кои имале создание, или уверување во себе да самобитноста на Македонија и Македонскиот народ и државата ќе се решава по овој основ, или по овие уверувања. И откако не можеле да најдат заеднички јазик како што ние сега тоа го осеќам не можеме да го направиме, по силните применувале репресии. Овој закон има за цел тие репресии да ги опрости. Сега е прашањето јас немам ништо и не може никој да каже дека ВМРО-ДПМНЕ има нешто против боречката организација. Зошто се тие бројни овде секој ден пишувања, не акаме ова, не сакаме она, не треба да се опростува на овој, на оној, затоа што имал вакво уверување. Господа, јас ќе се повикам на основот родителски осет на /Цајката спрема чедото. Нека има и сто деца, тие се сите нејзини без разлика кое дете какво уверување има, кое дете што чини и кое дете колку снага има. Мајката ќе настојува да ги доведе тие деца во ред, да живеат во слога и разбирање. Меѓутоа, одејќи и ние на расцепување дека тие биле ова и ова, а сега да не би се испрашувала историјата, да не би се испрашувало што било, ние ќе се повикуваме на научни институции. Да, јас се сложувам со тоа, меѓутоа, начелото и усвоена теорија во светот па вели: победникот или валстодржецот ја пишува историјата. Па сега, ако не сакаме да вршиме корекција од интерес на македонскиот народ како цена и на оние што грешеле и на оние што не грешеле, тогаш навистина ќе немаме историја, туку ќе имаме теорија само на власт и владеење. Ова се начела од кои ние ќе мора да се ослободиме.

Понатаму доаѓа работата на правосудните органи на кои јас припаѓам во периодот кога се судени овие лица. Јас ќе морам, колегите нешто рекоа да цитирам одредени пресуди кои стоеја вака: "не влегол во колектив, суден за идеите на ВМ". Ванчо Михајлов, зарем Ванчо Михајлов правел колективи, зарем ага Суља правел колективи, па да бидат судени за таа работа? Не. Меѓутоа, тие луѓе затоа што една одредена работа сметале само може да биде државност вакква, ако некој се спротивстави на тоа такви размислување, тие се

против нацијата која постои. Ова се теориите на кои ние ќе треба да признаеме,на кои ние ќе мораме да најдеме одговор, сакале, или не. Ако овој созив тоа не го направи, ќе дојде созив кој ќе има поголема слобода, кој ќе има поголема снага тоа да го каже. И не може едно круто размислуваше за се што ќе се каже надвор од Владата не е издржано мора да е издржано само она што Владата ќе го каже. Па госпoда пратеници ние овде одлучуваме на основа на предлози, а законот кој се нуди подлегнува, дал и е тоа од Владата, дали е од пратеник, дали е од група на граѓани подлегнува на контрола од пратениците по пат на амандмани. Па може само да остане кошот, а содржината да биде поинаква, или целосно да се промени и кошот и содржината на законот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Но по пат на амандмани ако предлагачот се согласува, ако предлагачот не се согласи, идејата ќе остане, меѓутоа законот нема да с донесе. Тогаш што се постигнува? Намерата што на сит ени е овдека да добиеме национално единство , ќе остане како единствена идеа, во што јас сум уверен и физички и духовно и како сакате на сите ние так- ва тоа треба да остане, а содржина, господа, треба да ја бараме со разум и размислувања. А не да одиме, немаме содржина која допрва треба да следи , не ќе да имаме ни идеја. А идејата никој не ја победил.

Јас само ќе се вратам, ќе направам една дегресија, пред да завршам, пресудите што ќе бидат основ било каков закон да се донесе, таму е судено за идеја. Како адвокат ми беше тешко да оправдам кога сум застапувал луѓе кои беа судени за идеа, затоа што и Никола Тесла според Едисон требало да биде суден затоа што имал поинаква идеа за создавање едносмерна во друга струја. Ете тоа е основното што треба да се сфати. Ние идејата не можеме да ја уништиме. Вака или онака идејата ќе остане, меѓутоа националната идеа, националното единство на ова Собрание и на македонскиот народ и на оние што живеат на територија како народности на овој простор ќе им биде држава Македонија самостојна и независна.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Алити Абдурахман.

**АЛИТИ АБДУРАХМАН:**

Почитувани пратеници, кога се пријавив за дискусија мислев дека сериозно ќе расправаме за Предлогот на закон што е на дневен ред па

во таа смисла и се подготвив за дискусија. Меѓутоа, бидејќи оценува дека намерата не е да се донесе закон односно да се усвои Предлогот за донесување на закон, туку е сосема друга, јас изјавувам дека се откажувам од повеќе делови од мојата дискусија, кои делови претендираат на некаква сериозност во поглед на подобрување на текстот на Предлогот закон. Оттука чувствувам морална обврска, прво да кажам само неколку реченици.

И предлагачите, веќе сега ми е јасно, а кога се пријавив за дискусија ова не ми беше јасно, немаат намера, тие не сакаат донесување на закон, туку намерата е нешто сосема друго. Имено да се користи говорницата и за несреќа и телевизијата, да се кажува тоа што се кажува, во крајна консеквенца да се минира работата на парламентот. И парламентот да не се занимава со работите со кои треба да се занимава, туку да се занимава со вакви дневно - политички прашања кои што ете можело и така Собранието односно парламентот да се користи за тоа.

Инаку, зошто сметам дека Предлог законот не треба да се донесе Од простата причина што во него се употребуваат и изрази, намерно се употребуваат изрази кои внесуваат конфузија, кои не се докрај јасни и не се прецизни, па така и предлагачот, сега дури сум убеден и јас, дека е свесен и сака и тие што се бореле за Македонија и тие што , за кои што Македонија била дел на Бугарија и тогаш сметале и сега сметаат, да ги подведат под ист кош, под исти мерила и под исти критериуми. Мислам дека тоа не .е дозволено и оттука оценувам дека и Предлог законот е несериозен во овој дел.

Второ,исто така чувствувам морална обврска јавно да кажам дека не се согласувам со изречените мислења со кои се омаловажуваат, се навредуваат луѓе и мртви и живи кои што во историјата на Македонија

дека се бореле за Македонија, а оттука ние ги навредуваме и го навредуваме нивниот морален дигнитет и на нивните семејства.

Па, моралната обврска ми е во тоа да кажам јавно дека јас како Абдурахман Халити, како пратеник на овој парламент се противам на таквите искажувања и на таквите дисквалификации.

Трето, предлагачот односно и дискусиите не се на ниво на сериозноста затоа што упорно спомнуваат дека претседателот на АСНОМ е осуден и т.н. што е сосема точно. Меѓутоа не е сериозно тоа нешто да се тврди, а со еден барем пола збор не се спомнува дека и потпретседателот на АСНОМ бес судење е ликвидиран. А тоа се прави, само заради тоа да не се спомнува дека бил некој албанец во тој АСНОМ и тој се залагал за Македонија и т.н.

И конечно да завршам, ако оптужбите дека некој не ја знае историјата, може јас да бидам обвинет дека, тоа се разбира, меѓутоа јас сум ја читал оваа историја што пишува денеска во Македонија. Ако има некоја друга историја што јас не ја знам. коректно е да ми се остави време за да ја прочитам, зашто јас лично не сум имал прилика да читам таква историја.

За самата идеа најпосле и ова - ако се сака сериозно да се рехабилитира некој дел од луѓето што се осудувани, прогонувани итн. итн., во тој дел треба да бидат опфатени токму сите, па дури вклучувајќи ја и поновата историја, кога бројни луѓе биле и прогонувани и диференцирани и осудувани само заради политички при- чини, од чисто дневно политички причини. Ете толку, благодарам. Другото нема да го кажам затоа што тоа е сосема од стручен аспект на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Петров, само како предлагач на законот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакаме само една мала интервенција, а повод за тоа ни даде излагањето и на последниот пратеник. И би ги замолил пратениците да не дискутираат во стилот, зборувам, мислејќи дека ти си можел да мислиш така како што јас мислам, за да се гради филозофија на ампутација што би било кога би било. Предлагачите на законот немаат врска со дискусиите и излагањата на пратениците. И затоа излагањата на пратениците нека не им се ампутираат на предлагачите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Диииитар Трпеноски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги. Со предлогот на овој закон мислам дека треба да се изгради еден консензус на политичките партии како оценка дали го погодивме правото време за пуштање во законски оптек на поимот рехабилитација. Во тој контекст би сакал да кажам дека поимот политичка рехабилитација е карактеристичен за реалсоцијалистичките модели, за болшевичките модели каде што постои еден единствен врховен арбитер, една партија, која што може да каже што е добро, а што лошо, кој е виновен , а кој е прав. Меѓутоа, сега тоа за нас е свршена работа, бидејќи живееме во повеќе партиски систем односно во демократски модел. Затоа се поставува прашањето дали е м ожна политичка рехабилитација во демократските модели. Во демократските модели какви што аспирации има и македонското општество, карактеристично е дека политичка екскомуникација на луѓето,

шиканираше на луѓето, етикетирање, обезвреднувале и нивно оддалечување од јавниот живот,не е можно. Според тоа, политичка рехабилитација во демократските системи е с бесмислена. Во деморатските модели не е можно да се случи балканоидно јавно навредување на луѓето поради нивни политички грешки или поради нивни политички или филозофски убедувања. Наместо политичко екскомуницирање на луѓето, место нивно отстранување од јавниот живот, во демократските модели се случува нешто спонтано. Одредени луѓе кои што имале политички грешки стануваат заради професионалноста почитувани професори на универзитетите. И тоа е еден модел, цивилизациски модел на рехабилитација. Или еве еден екватантен пример: Никсон во месец јули 1990 година во своето родно место во Калифорнија при отворањето на својата меморијална библиотека ги поканува , а и присутни се бившите претседатели Џералд Форд, Роналд Реган, присутен е актуелниот претседател Никсон и покрај тоа што беше позната аферата Вотергејт во Америка, меѓутоа за се она добро што Никсон го направил за татковината, присуствуваа и бившите и актуелните претседатели на САД. Не ли е тоа еден цивилизациски модел на рехабилитација познат во демократските општества.

Затоа имам убедување дека рехабилитација на начинот на кој што сме замислиле треба да го почувствува државата и тоа врз релевантни аргументи, ако е потребно да го предложи Владата, а не поединец или партија. За нас е примарно развојот ан демократијата, затоа што во демократските модели на запад, сега поимот рехабилитација е само чисто медицински термин, медицинска рехабилитација. Не постои поим политичка рехабилитација. Затоа имам убедување дека националното помирување и за него ќе мораме да размислуваме на рационален и демократски начин, за да немаме делби и разидувања, туку помирување. рехабилитацијата да ја сместиме во венецот на демократските

дострели и таа да се изразува низ спонатаното зближуваше на луѓето, а не да стане модел за делби, затоа што како што реков рехабилитација не може да изврши еден колективитет, партија или поединец, туку тоа треба да го изврши колективната волја на народот и тоа на демократски начин.

Затоа не е добро во овој поим и низ него да ги мобилизираме енгативнтие чувства, затоа што тие повеќе носат зло отколку добро. Намерите ни се да носиме повеќе добро отколку зло. Дури мислам дека е и погрешно некој да се присилува, ако затоа нема потреба и причина нешто да признае за да му олесни нему или да му олесни на противникот. Имено, идеолошката, политичката и законската рехабилитација на оние кои поинаку мислеле во одредено време, може да ја изврши само колективната волја на народот. Еве, знаете кога има избори, како израз на колективната волја на народот,народот знае да одбере кој е за рехабилитација, а што не. Затоа сите виновни или невини, стари или млади , мора да го респектираме минатото. Меѓутоа , млади- те воопшто не се виновни за она што се случувало во минатото. Али младите, како ние сега се одговорни за она што од минатото ќе се проектира во иднината. Меѓутоа, проектирање на делби и разидувања и расколи врз националното ткиво на македонската држава не се добри, а мислам и не се можни. Ова го велам во демократска суверена самостојна суверена Македонија со желба и првиот повеќе партиски парламент да прекине со постојано навраќање на минатото заради се понови и понови делби и заради се понови и понови победи на веќе еднаш победените. Да го оставиме минатото на историчарите.

Само да потсетам, кој ја врши рехабилитацијата? Господо пратеници рехабилитацијата се врши низ политичката волја на народот.

Рехабилитација не може да врши ниту поединец ниту политичка партија. Еве ќе потсетам на Шандор Петефи за унгарските контраверзи на рехабилитацијата. Тој вели: "Татковината е таму каде што е правдата. Татковината е таа,која секогаш опростува. Татковината , тоа е државата, народот и институциите на демократијата". Според тоа место политичка екскомуникација, отстранување на луѓето од јавниот живот во демократските општества се случува нешто друго и понапредно. Оттука сметам дека сепак треба да ги консултираме и демократските модели како тие ја изведуваат рехабилитацијата. Ами за она што се случуваше во Европа го имаме и германскиот, францускиот, Де Головиот модел и други, да ги консултираме и нив ако сакаме да бидеме демократи и низ модели што се карактеристични, специфични и за нашата средина да се врши, исто така, и рехабилитацијата.

Еве уште еден пример - Џон Ќенеди кога дојде за претседател на САД, вели: "не треба да се прашувате што Вашата татковина може да направи за Вас, туку прашајте се што Вие можете да направите за Вашата татковина". Нели е поучно . Ние ништо не можеме да направиме за нашата татковина ако се делиме на леви и десни по татковинските прашања, зашто татковината, господо, не може да се дели на лева и десна. Таа е цела. Од законот треба да има корист само татковината, а не поединец или политичка партија.

Мислам дека е време кога државата ќе почувствува потреба од тоа, ќе проектира еден таков законски модел кој што по прашањето на рехабилитацијата ќе биде толку демократски колку што е и дострело1 на демократијата. Од него не можеме да бараме повеќе, од она што претставува контекст и карактеристика на нашето време. Али се тоа мора да биде изведено на најоптимално корисен начин. Корист треба да има само татковината, а не поединец, политичка партија. Корист од тоа

само треба да има народот и затоа ценам дека ние можеме долго да се расправаме за некои работи што се случувале во историјата но за тоа треба да дозволиме на оние што се стручни и компетентни за тоа, за тие вистини. А секоја политичка партија ако сака некого да го рехабилитира,нека го рехабилитира, меѓутоа рехабилитацијата треба да ја врши народот, не поединец, не политичка партија. Ете јас така гледам на ова прашање, имено тоа засега мислам на начин на кој што сака да се изведе не коферира со мислењата и на повеќе други. Затоа што ние ако завлеземе длабоко во историските прашања за одредени личности и така чувствително се однесуваме спрема одреден работи, може да направиме и историски грешки., љубовта кон нацијата патриотизмот, смисолта кон државноста се атрибутите врз кои што треба да се врши рехабилитација, но тоа да го почувствува државата и тоа да го изведе во законска процедура Владата на Република Македонија.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас во врска со Предлогот за донесување на закон за рехабилитација и други права на лица прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО би кажал дека историјата на народите во еден даден момент и дадени услови кои во тоа време барале залагања од народот какви што тогаш му биле потребни. Не може туку така да се негира и да се избрише како со гума особено поради тоа што генерации и генерации беа запознавани и учени со тие вистини со кои нон-стоп им се испираше мозокот. Се живееше во предодредени поими дека едни се партизаните, кои се борат за доброто на народот и земјата, а сосема други се другите струи, врховистите , четниците, петоколонашите и др. кои што се бореа за нешто друго, за нешто што потсеќа на тиранијата. Како сега се бара од нив за само еден ден, или еден миг, без оглед за периодот кој треба да помине нешто да се промени, да се помести кон подоброто. Се бара веднаш да се преименува во невистина и да се рехабилитираат некои кои во дадени услови за народот беа крволочни злосторниците без разлика како ние сега од далеку за некои педесетина години тоа го вреднуваме позитивно или не.

Да се бара носители и дејци на измешани идеи, да се вреднуваат како борци за самостојноста на Македонија и да се поистоветува само со еден дел од припадниците на тоа ВМРО кои навистина се бореа со намерно заминување при фактите дека добар дел од нив се борат токму за обратното, за некоја си Бугарија, за интересите кои се до ден денес да се провирале и сега еве избиваат на површина, за омраза кон соседот,

за потпишување на појавата . на фоби и друго е исто како да се бара да се рехабилитираат лица од редовите на врховистите кои се борат за нас познати цели. Како да се бара да се рехабилитираат оние кои се бореа за голема Србија и слични на нив кои тогаш , па не помалку и сега се при- сутни овде. Ако е така, ќе треба на некои да останеме должни и ќе треба со пардон да им го понудиме тоа и на квинслинзите и на соработниците и на четниците и на другите слични на овие. Затоа истакнувам . Затоа истакнувам дека јас нема да гласам за, само тогаш кога појасно ќе ми биде дефиниран законот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници јас побарав процедурално да реагирам бидејќи пратеникот Веби Џемаили повторно искажа една невистина, а бидејќи седницата на Парламентот се пренесува за јавност, ми се чини дека мора ова да го корегираме. Повторно кажа една невистина и направи една неправда на борците за самостојна Македонија и оние што ги негуваат и беа по затворите, исто така, беа прогонувани и ликвидирани за идеите на ВМРО, дел од нив ги прогласи за квислинзи исто така ги прогласи за предавници, повторно од позициите на историјата која што беше диктирана од страна на Комунистичката партија н СФРЈ, од страна на една целосно иделогизирана историја во која што имавме голем број на невистини и фалсификати...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие ќе си добиете збор....

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дозволете да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, не можам да ви дозволам, како ќе ви дозволам.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Ама се извинувам, да кажеме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не. Вие седнете си на место, земете си збор, ќе В дадам збор и ќе си кажете мислење.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, за да кажеме мислење...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам напуштете ја говорницата.

(госпоѓица Доста Димовска, не ја напушта говорницата.

Пауза од 15 минути.

(Пауза од 14,00 до 14,45 часот)

(По паузата)

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе , дами и господа пратеници, јас морам да ви одземам време, уште еднаш да го цитирам насловот на законот• Пишува:"Предлог за донесување закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, осудувани, затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО". Ова што е во продолжение "и за идеите на ВМРО" не кореспондира со член 36 од Уставот на Република Македонија, а тоа значи дека ако целта биде да се поднесе закон поаѓајќи од член 36 од Уставот тогаш тоа е веќе одвише. После, јас знаев дека ќе се предизвикува една ваква расправа кога се работи за еден ваков закон, меѓутоа, не очекував навистина не очекував дека ќе има расправа која ќе има многу историја и цел до историја, затоа што се предлага закон со пиплива политичка тежина кој добива историска димензија, а предложен е од пратеници кои нема да ми замерат но кога предлагаат вакви закони, веројатно со една ваква едно политичка тежина тие поаѓаат од нивните политички погледи и опции, а и од нивната навиеност. Можат да бидат и навиени, така што законот знаев и знам дека не може да биде прифатен од сите пратеници што седат во оваа сала. Меѓу тие, веројатно претпоставувате дека сум и јас.

Второ, во Законот има преголема екслузивност кога се работи за македонската државност затоа што во рамките на еден народ дури има екслузивност и во тоа што идеите на ВМРО, и многу дискутанти тука кажаа дека сите тие идеи не можат да бидат и прифатени, веројатно и тие што го предложиле законот знаат најдобро или подобро од мене дека сите тие идеи не можат да бидат прифатливи, дури да мислат да бидат

рехабилитирани идеите и луѓето.

Ако се настојува да се рехабилитираат идеи , луѓе, тогаш тоа треба да биде селективно, но без некое национално ограничување или партиско ограничување. Затоа што, дури и историски поглед ако имаме кон овој проблем ние имаме такви периоди каде што луѓето настапиле, односно дејствувале зависно од времето. Јас ќе илустрирам само еден пример. Ако го земеме само периодот 1941-1945 година, вие можете лид а претпоставувате дека луѓето тогаш немале алтернатива. Требало да се бира или со фашизмот или со комунизмот. И сите тие што оделе на друга алтернатива веројатно и после тоа биле казнети и прогонувани инт. Имаме граѓани од различни националности, после тоа време и во тоа време кои биле прогонувани, само затоа што не се согласувале со комунистичките идеи. Дури имаме масовно уништени, стрелани итн. Јас не знам многу историја, но ќе спомнам само еден пример. Да речеме, граѓаните или селаните од Блаце, јас никогаш не сум поверувал и нема да поверувам дека тие луѓе се стрелани затоа што биле балисти, туку се стрелани апсолутно само затоа што биле против комунистичката идеологија. Затоа треба приодот да биде многу селективен.

Друго, со овој закон Албанците и другите националности во Републиката освен Македонците се исклучуваат од секаков континуитет од идеите за државната самобитност на Република Македонија. Ако правиме ние вакви исклучувања, јас тогаш се прашувам самиот себе јас во каков континуитет сум тука како пратеник, или другите пратеници кои не се Македонци од кој континуитет поаѓаат за државноста на Македонија. Што јас претставувам тука историски?

Затоа, се работи за една опиплива материја и кога се работи за вакви закони јас мислам дека секој ниту може да предлага ваков закон, затоа што поаѓа од себе си. Јас и сега, и ден денес, ќе бидам наискрен, г-динот Петров ако предлага и идеи да се рехабилитираат, јас уште денеска ако он смета дека е едно продолжение од ова што е ВМРО идеи, јас и ден денеска не се согласувам со неговите идеи, односно со некои од неговите идеи. Така што тоа мора да биде малку и постручно и поселективно. Затоа предлагам да се земат предвид и други периоди од ова време, затоа што најверојатно не можеме ние да одиме со посебни закони. Може да речеме јас или пратеничката група на ПДП да предлага закон за рехабилитација и напрогонувани, малтретирани луѓе само во последните години, периодот 1980-1990 година. Прогонувани и малтретирани луѓе, политички диференцирани само затоа што поставиле дури едно прашање - зошто не вака, туку така. Или за употребата на јазикот, или за училиштата итн. Веројатно би требало денеска кога имаме една промена на целиот систем политички, тогаш треба да се рехабилитираат и таквите. Јас не се сомневам дека нема да се согласите дека треба да се рехабилитираат. Затоа мислам дека не треба да се прифати еден ваков предлог иако е во фаза на донесување, туку Владата да подготви закон и тоа закон без никаква исклучивост. Закон без никаква национална ексклузивност, затоа што тогаш веќе ќе биде проблем, дури и таков закон да биде предложен и од Владата на Република Македонија.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, дебатата по ова прашање очигледно е вознемирувачка. Рамнодушноста попушта и овде внатре во Парламентот и надвор кај еден дел граѓани кои што добро го паметат минатото.

Во тоа повторно нарушување на рамнодушноста преку фрагментарната расправа за еден минат, во моментов можеби сеуште не завршен период, преку едно од најчувствителните прашања во историјата на македонскиот народ деновите се налепија неколку факти или пак јас наоѓам дека се факти, а се случуваат овде во Парламентот.

Прво, во повеќето ексоцијалистички земји новите власти и избрани на парламентарни избори, донесоа закони со кои извршија поништување на неоправдано донесените судски одлуки. Тоа постои како факт. Во нашата земја после три години од првите повеќепартиски избори, актуелната власт не најде и ние како Парламент се разбира спаѓаме во тоа, некои како владеачка коалиција, некои како опозиција не се најде за потребно дека тоа требаше да се стори после првите парламентарни избори. При тоа на сите им е јасно, верувам дека и на нас тука, можеби сите, можеби некои исклучоци имало и има, дека

Прво, имало прогонувани борци, застапници за национална суверена, самостојна држава Македонија. Тоа го знаеме сите од раскажување, од книги, од сведочења, или од живо учесништво во тие настани. Судени имало за сонот, за копнежот Обединета Македонија, тоа исто така го знаеме, за непомирливоста да се прифати како дефинитивен факт Букурешкиот договор од 1913 година. Судени за тоа имало. При тоа не спориме дека немало такви кои не заскитале во својата борба во Царството на големиот сон на некоја од Балканските држави, дали е тоа Бугарија, Србија, но тоа сепак не го менува оној претходно изречен факт, дека имало судени за самобитна Македонија, за самостојна Македонија, за тие што не се помирувале, сфаќајќи ги или не сфаќајќи ги историските

околности можело или не можело според нечија проценка Македонија да биде цела, да биде самостојна Македонија.

Второ, факт е дека имало осудувани за спротивставување на воведувањето на социјализмот во Македонија. Не сакале да влегуваат во таканаречените селски работни задруги, не сакале да го прифатат т.н. задолжителен откуп. Имало судени за тоа. Има живи и пишани сведоштва, како минале тие што не сакале да влезат во селски работни задруги кои што не сакале, или сакале да сокријат од она што го имале, а според властите требало да го предадат како задолжителен откуп. Тоа е осведочено, пишано во книги и тоа го признаваат мнозина што учествувале во донесувањето на таквите одлуки и пресуди.

Имало судени за вербален деликт во целиот период. Имало судени за вицеви против власта, за вербална одбрана на тогаш омразениот или досега омразениот капитализам, за несакање да се предаде имотот и да се влезе во царството на еднаквоста пропишана според тој модел што тогаш царувал овде.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение)

Во меѓувреме, што се случи?

Прво, се реализира идејата за самостојна Република Македонија, за жал, само на едно парче од она што пред Букурешт постоело како етничка целина, територија. Но, се реализира таа идеја.

Второ, концепцијата за општествено општество, бидејќи социјалистичко општество значи преведено општествено општество, падна, приватниците се враќаат на сцената, приватници стануваа и тие што ги судеа приватниците. Тоа е исто така факт.

Трето, судењето врз основа на вербален деликт се укинува. Го укинавме со овој Устав, за среќа што го усвои и што му е на чест на овој прв повеќепартиски Парламент на РМ. Нема судење за вицеви против власта, нема судења за приватните лично соништа, реални - нереални. Сега може некој да викне јас сум за голема Македонија, да се прогласи за бугарин и на телевизија да учествува во тоа. Имаме други,исто така, изјави политички во врска со албанската врска итн., но затворани за тоа нема бидејќи власта сега вели дека е тоа вербален деликт. За разлика од тоа време сега е поинаку, но тогаш се судело за сето тоа.

Наспроти таа спротивставена стварност, која ја сруши целата основа за до скорешното втемелено кривично законодавство и практика, бидејќи имавме кривично законодавство и практика втемелено со тие идеолошки постулати или нејаснотии итн. историски, актуелната власт што е факт нема потег на извинување и покајување за тие што тогаш мислеле како овие денес што мислат или како што мнозинството денес мисли. Нивна грешка било што мислеле тогаш така како што денес се мисли, така ќе произлезе низ логичниот ред на работите.

Прашањето е која е моралната основа за таа опструкција на јавното признавање на грешките и заблудите, неоправдано повредените души, скршените срца, растурените семејства, социјално - хендикепираните во владеачкиот режим кој што егзистираше толку време. Моралната основа тоа да не биде одбележано, санкционирано и кажано дека се правело грешки итн.

Второ, наместо актуелната коалиција, владеачката, иницијатива за рехабилитација- тоа е факт што го имаме нели пред нас - на еден дел од неоправдано осудените или за неоправдано осудените и тоа по еден основ се покренува прашањето, наместо тоа да го направи актуелната власт или други овде во Парламентот, членови на Парламентот, тоа го прават членови на опозицијата, поточно тројца независни пратеници. Тој факт дека тоа го сторија тие пратеници, без оглед од кои политички погоди поаѓаат итн., факти за тоа има, останува како факт за жал, наспроти сите други шт9 не го покренуваат тоа прашање , вклучително и на актуелната власт. Тој факт останува и така ќе биде забележано, независното во меѓувреме се трча да се поднесе напоредна декларација од пратеници од владеачката коалиција. Потегот е провиден, расправат; го покажува тоа. Но тоа покажува и нешто друго - зошто се потрчува да се направи барем некаков приклучок кон таква иницијатива.

Трето, поради чувството дека таа или тие рехабилитации се нужност ,наметнати од поразувачките факти за досегашната стварност на планот на правата и слободите на човекот, од една страна, и долгот што некои луѓе во сегашната власт го имаат кон таканаречениот континуитет, поради генезата на своите политички и други кариери или пак минатото им е сепак поприсутно во свеста како идеолошка матрица, како вредносен систем, за разлика од сегашниот што сакаме да го правиме,особено за тој што декларативно се изјаснуваме или за тој што

го сакаме што побрзо да стигне во претходниот период, се доведува во ситуација иницијативата да се квалификува како благородна, но нејзината реализација како крајно чувствителна, технички тешко изводлива, па оттука следуваат предлози кои во најмала рака ја одложуваат, крајно формализираат, така што во крајна линија ја доведуваат таа благородна иницијатива, како што овде беше нарекуваат, до својата бесмисла.

Дека изјаснувањето за благородноста на оваа идеја е повеќе вербално отколку стварно, дека тоа е повеќе во функција на некакво алиби за одбивање на иницијативата, говорат и некои постапки во најновите кадровски процеси што се случуваат во земја- та односно покажаните преферирања на одредени кадри во РМ од страна на највлијателните во власта на РМ во овој период што непосредно го живееме. Имено, има повеќе примери на неформална рехабилитација, заштита и унапредување на кадри, враќање во државната управа и на други јавни функции на лица чија идеолошко политичка платформа беше поразена. Пораз е повеќепартиска Македонија, пораз е напуштањето на социјалистичката матрица, пораз е битката за субјективизација на Македонија и слично на тоа. Кадри кои до последниот момент беа за до скорешната општествено моделска рамка, тие напредуваат во денешната македонска хиерархија, кадри кои во последен момент беа против или беа збунети од политиката за државно - правно достоинство, односно државно - правна субјективизација на РМ и кадри кои во соработка со продолжено нарекуваниот КОС имаа свои други кандидати за врвните функции во Македонија и во оние моменти кога кризата во Бивша Југославија се помислуваше од некои врвови во бивша Југославија со истомисленици од Република Македонија да се разреши со воена интервенција.

Списоците на тие што требаше не со арно да си заминат и на тие што требаше да дојдат не доброволно по волја на народот и на тие што избираат веќе беа направени во ова непосредно блиско минатото. Беше формирана и партијата која требаше формално да ја затскрие таа воена интервенција и таа партија ви е позната на повеќето од вас. Тоа е сојузот на комунистите - Движење за Југославија, но оној иницирн како партија што требаше да се формира од Белград. Се разбира, имаше и такви кои на таа партија и пристапија и без да знаат нејзината права суштина, права позадина и од таа причина се разбира не сносат одговорност или ако незнаењето не е само по себе, некаков вид барем на одговорност. Дека власта сепак сваќа дека нешто мора да рехабилитира, ама на свој начин, дека се наоѓа во конфузија и манифестира противречнсот и по ова прашање говори фактот дека таа со вклучувањето и организирањето на 100-годишнианта на основањето на ВМРО, со давањето на исти списоци на прогонувани и прогонители, по поканата да присуствуваат на исти сениди, на исти прослави дефакто ја започна рехабилитацијата на прогонвуаните по тој основ.

Четврто, Демократската парија без друго е за обавување на чинот на рехабилитација и тоа многу пошироко отколку што се најавува и во оваа иницијатива на трите пратеници. Во преамбулата на програмската декларација запишавме дека...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чија декларација? Ве молам, за Парламентарни документи да зборуваме, државни.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

За парламентарни говориме, за парламентарна расправа говориме, претседателе.

Духовниот препорот на Македонија, кој што и е потребен повеќе отколку леб или како лебот што и е потребен, м,ора да започне со исправање на старите неправди, со донесување закон или со донесување закони. Тоа е работа на договор, на разговор за поништување на сите осуди изрекувани врз основа на високо идеологизираните кривични закони, идеологизираните устави што дефакто што сме ги имале и за обесштетување на сопствениците на имотите одземени по најразлични основи или без никакви правни снови. Тоа е факт.

Предлогот за донесување ена закон за амнестија, што го изнесе министерот за правдата, беше речено не може да биде ни случајно прифатлив, во најмала рака е чуден, да не речам нешто друго. Амнестијата, заедно со помилувањето, е акт на милост. Во случајот секому му е јасно дека жртвите оваа судска неправда не треба да им се исправа со милост, ниту пак веројатно имаат намера со милост да бидат рехабилитирани, туку признание дека државата згрешила во дореден период како што и други држави грешеле, но признавале дека грешат, така треба да направи и нашата држава.

Сугестијата да се донесе некаква декларација е исто така неприфатлива бидејќи таа по природата на работите е од формална природа и ен дава основа за практична примена по однос на консеквенциите што мора да произлезат од конечното поништување на односните осуди.

Остануваат да бидат разгледани само две можни алтернативи Амнестијата, ако не е,декларацијата ако не е исто така. Првата е таа на која инсистира предлагачот, а тоа е врз законска регулатива да се опфатат сите жртви на прогонот. Овде не говорам за прецизнсоти и непрецизности во Законот што е понуден. За тоа може да се дискутира и можат сите членови да се изменат, но говорам за Закон со кој што генерално се нуди решение за рехабилитација.

Втората е таа што доаѓа од поединци од владеачкото мнозинство дека до рехабилитација да се дојде во судска постапка на поединечни барања од самите жртви.

Ние ги разгледувавме тие опции детално. Секоја од нив има по некоја добра и по некоја лоша страна, со тоа што едната има повеќе лоши страни отколку што има другата. Еве кои би биле забелешките против поединечното судско исправање на неправдите.

Прв и најсериозен приговор е дека жртвите н а прогонот повторно ќе бидат ставени во мачна положба на жртви што молат аза правдина, а тоа не е добро ниту пак сакаат, ниту ќе сакаат. 30-40 години по голготата што им била наметната тие исти маченици треба во комплицирана судска постапка да докажуваат еден ноторен пат дека власта во нивниот случај згрешила,дека се неоправдано осудени, неоправдано лишувани од слобода, дека таа неправда мора да се поправи за да не тежи врз совеста на нацијата.

Второ, на вакво поединечно по својата правна природа строго лично овластување да бараат исправање н а неправдата не би имале право семејствата на починатите маченици за македонската кауза и по другите основи осудувани, за кои говорев на почетокот.

Тие маченици, според оваа алтернатива, би останале без сатисфакција што име потребна колку наивните имиња, толку и на членовите на нивните семејства. Ваквото поединечно решавање би ги затрупало со нова додатна работа нашите судови, што одвај излегуваат на крај и со тековните обврски. Ако се има предвид дека судените за македонската кауза не се единствените маченици на старата класно обоене правда, поради што спомнав неколку други основи, може само да се насетат димензиите на работата што ќе се испречи пред судовите. Но не е само заради димензиите, нели? Ако на ова се додадат постапките во врска со враќањето на имотите одземени по најразлични основи, излегува дека префрлувањето на оваа работа врз судовите всушност ќе значи недавње сатисфакција во најголемиот број случаи, мачениците или нема да стигнат на ред или ќе се откажат соочени без надлежноста да го остварат тоа што сакаат да го остварат,

И најпосле,иако не и најмалку важно, поединечното исправање на неправдите нужно ќе значи менување на улогите на жртвите и нивните прогонители, сега жртвите ќе станат прогонители, а прогонителите ќе се јават во улога на обвинети , барем во одредев број случаи. Старите гревови на прогонителите ќе добијат нов несакан публицитет, знаете како ќе биде тоа следено, ќе се разбудат сеќавањата огорченоста, омразата и желбата за реваншизам, ќе се бараат кодошите и се што следувало или следува во врска со тоа. Ако не спрема нив, зашто многумина не се веќе меѓу живите, тогаш можат да почнат да страдаат оние кои ги носат имињата на оние кои што евентуално учествувале во прогонот на ваквите лица, а тоа исто така не е добро. И така една постапка, поведена со цел да исправи една стара неправда ќе разбуричка во старите рани, ќе изнесе на виделина стари гревови, стари нечистотии и неретко ќе им го загорчи животот на новите генерации

кои не знаеле за гревовите на нивните татковци или мајки и не ќе остане ништо од убавата идеја за конечно национално помирување. Се разбира, има и такви што не сакаат никакво национално помирување.

Идејата за генерално решавање на случајот има според тоа повеќе предности, а само една до сега посериозна мана.

Кои се предностите?

Донесувајќи закон за поништување на кривичните осуди на лицата прогонувани, за самобитноста на Македонија, со додавка за ВМРО или без додавка за ВМРО, државата н а едно место ја признава својата грешка за сите поединечно неименувани случаи обврзувајќи се во ракети на своите можности да ја прави штета- причинета со таа своја грешка. Тоа се разбира не може да го на декларацијата, ниту пак тоа може да се направи со отворање на поединечни процеси заради тоа што поединечните процеси само ќе ги разбуричкаат страстите, а некои од нив нема никогаш да стигнат до тоа.

Спроведувањето во живот на ваков закон со тие одредби или видоизменети одредби во него нема да значи такво преоптоварување на судовите. Целата постапка би се одвивала тивко, нема да се именуваат јавно жртвите ниту нивните прогонители, нема јавност на постапката што е нежна кај поединечните решавања, не се полнат весниците и радио и ТВ емисиите со пикантерии од едно дамнешно време да го одвраќа сето тоа вниманието, нема да се буричка во досие; на вулгарен начин. Има приговори дека од ваквата постапка би можел да извлечат корист некои што инаку не ја заслужуваат, што е факт дека може,дека стои тоа. Некои што навистина биле за Македонија но под скутот на "мајка Б"лгарија" Такви факти веројатно има и такви поединци веројатно има, но мислам дека треба да се остават на страна тие бесконечни делби. Ако

инсистираме врз нив, секако ќе мораме да завршиме, ако размислуваме консеквентно со осуда и на оние што биле за Македонија но под скутот на "братска Србија". Јас лично не ^и сака/ц ни едните ни другите, но тие не живеат од мојата љубов, а ниту пак можат во правна држава за својата 'источна или северна љубов" или за некоја друга да бидат уапсени ако тоа се сведува на став, вербалнсот, или слично на тоа, како што всушност запишавме во новиот Устав и во новиот државно - правен систем на РМ. Затоа, не треба да не застрашува можнсота дека меѓу вистинските борци за македонската кауза можат да се сокријат и некои со продадена или заведена душа и тој факт не треба да се истражува дека такви ги имало или можеби ќе ги има и понатаму. При стриктно држење за принципите на правната држава тоа е неизбежно, ако се применува Уставот и законите според нивното слово. Впрочем, од правниците слушаме дека подобро е сто виновници да шетаат слободно, отколку еден невин да лежи во затвор Тоа и сите го знаете кога неправдата ќе биде фрлена врз грбот на некој што навистина не бил виновен. Затоа, стравот дека може да биде рехабилитиран некој што не заслужува не смее да го спречи рехабилитирањето на жртвите. На владеачката коалиција е да одбере, во овој случај, кон што ќе се приклучи. Да се откаже од ова што еднаш секако ќе биде направено и што^ искрено или неискрено;го нарекоа како благородна идеја или да го поддржи другото, да одбере за што се прави поголема штета. Тоа ќе треба сепак да одлучи. Ако не одлучи овој Парламент, ќе одлучи некој друг, во секој случај тоа ќе се случи. Рехабилитирањето на неправедно осудените не може да се затскрива, таа нужност за тоа што постојат такви и такви. Таквите што не се за Македонија никогаш не сакам да ги

поддржам. И никогаш не можеме да бидеме со нив. Меѓутоа, нека се размисли пред се, во фокусот нека бидат оние што се неоправдан оптужени. Тоа е основно.

И нешто да кажам за односот кон Народно-ослободителната војна. Имаше изречени констатации во врска со тоа, имаше поединечен однос со прецизни кои непрецизни формулации. Мојот однос е заради некои исто така шпекуланти кои постојано ќе бидат присутни и заради овие ставови сега што претходно ги изнесов, тоа не било ни прв пат ни последен пат дека народноослободителната борба е голема епопеја во историјата на македонскиот народ. Тоа е голем чекор за остварувањето на самобитноста на Македонија.

**ПЕТАР ГОШЕВ** : (ПРОДОЛЖЕНИЕ )

Секој што зел оружје во оваа држава за одбрана на македонската кауза, за ослободување од разните окупатори, за вклучување на страната против фашистите, треба да му се симне капа долу. Од тој аспект мора да биде вреднувана и НОВ и сите што се залагале со пушка или со перо или со нешто друго за создавање на македонска самостојна држава.

Оние случаи на неискрености или на други појави во едното или во другото движење не смеат да ги засенат битните историски факти и кога се работи за ВМРО и кога се работи за НОВ и кога се работи за секое движење за остварување на вечно саканата цел - македонска држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор претставникот од Владата Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и во денешната дискусија на пратеникот Петар Гошев почесто се употребуваше тезата закон за поништување на судските пресуди. Ако се определивме за правна држава и ако имаме Устав во формална и материјална смисла и ако ги усвоивме темелните вредности на тој Устав, а тоа е поделбата на власта на законодавна, извршна и судска власт и ако одиме на таа теза, Собранието донесува закони за поништување на судски пресуди, тогаш ги рушиме темелните вредности на уставното уредување за кое се определивме. Таквата теза ќе биде крајно штетна во градењето на парламентарната демократија во нашата земја, затоа што денеска имавме случај преку весниците да прочитаме да се донесе закон за поништување на судските пресуди. Јас поставувам и една друга теза која може да ни се случи. При секои нови избори која партија ќе ги

добива избор и на кој му гравитира во тие избори може да донесува такви закони за поништување на судските пресуди и во Републиката никој за ништо да не биде виновен што и да направи. Дефакто, со тоа ќе направиме да нема- ме судови, да немаме извршна власт и законодавна власт. Ќе немаме правен систем за кој се определивме ниту во формална, ниту во материјална смисла. Употребувајќи ја тезата дека амнестијата и рехабилитацијата што мислите дека е милост на државата да ги рехабилитира или да ги ослободи со амнестија? Не. Амнестијата не е само милост на државата, туку таа е средство да се коригира државата ако има направено грешка. Тоа е со измена на пресудите, со бришење на пресудата и последицата, а со тоа да се стекне неосудуваност, а потоа другата постапка за остварување на своите права е предвидена во нашите позитивни законски прописи. Оттука сметам дека најголема глупост ќе направиме ако дискутираме за тези да правиме закон за поништување на судските пресуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Гошев, пратеникот.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас, се разбира, дека мислам дека е ова толкување апсурдно, но нема да влезам во полемиката затоа што очигледно разговаравме за состојби кои ги доживуваме како луѓе од два света, ако е тоа вистинското мислење на мојот почитуван пријател Туше Гошев, но ќе го оставам овој правен коментар и правно толкување на господинот министер на правниците кои веројатно не следат и ја слушаат оваа расправа.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

За материјалниот основ на аргументите не сакам да ги спорам, зборев од правничка гледна точка и од постапките кои може Собранието

да ги цени затоа што Собранието е тука орган да донесува закони, покрај другото.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Процедуралното ми е во тоа што сакам од сега да го искажам моето длабоко жалење за настапот на министерот. Прво и прво, амнестијата ја дава претседателот на државата, треба да знаеш, јасно ми е и претседателот на државата никогаш не си дава право да си ги попра- ва грешките, што го искажавте.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Кога веќе зборуваме треба да биде во силината на аргументите. Во членот 68 став 1, алинеја 13 од Уставот на Република Македонија кажува дека Собранието дава амнестија.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги пратеници.

Предлогот за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО има навистина уставна основа во членот 36 од Уставот, но тука настануваат дилемите. Дали она што го содржи членот 36 од Уставот на Република Македонија не го задоволува и она што значи идеи на ВМРО во континуитет. Кога се залага за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, дали е тоа нешто друго? Зошто е додавката? И за идеите на ВМРО зарем тоа не се истите идеи што ги заговара Уставот, зошто спротивставеност на идеи и дали навистина се сака да се произведе некаква дилема.

Впрочем, нашата партија два месеци по донесувањето на Уставот на Република Македонија се обрати до тогашниот министер за правосудство со барање да се спроведе решението што го нуди членот 36 од Уставот за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Не случајно го повторувам ова затоа што Уставот не предвидува никакви други идеи освен за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, се друго би било во спротивност со Уставот. Инаку, еден таков закон не само што е потребен, туку и неопходен како уставно решение ако сакаме да личиме на организирана и веќе пошироко меѓународно признаен субјект. Општо познато е не само од историјата, туку се уште имаме живи сведоци кога луѓето се прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста и државноста на македонскиот народ. Дури се убивани без претходен судски процес.

Размислувајќи околу овој закон мислев дека се ќе беше во ред, а тоа му го реков на еден од предлагачите, ќе се извршеше одредена корекција и во насловувањето на законот и во неговата содржина ако не беа бројните дискусии во изминатите три дена и овој е четврти, па и денешната дискусија која загатна некои нови дилеми за кои верувам дека и предлагачите или барем некои од нив не беа свесни дека ќе се случат ниту што можеше да се изроди од една таква јасна уставно загарантирана благородна идеја.

Слушајќи ги внимателно говорниците сите овие денови, читајќи ги и соопштенијата на разните организации, сето ова ми личи на борба околу промоцијата на сите идеи на сите ВМРО-вски организации од пред 100 години наваму, како и рехабилитација на носителите на тие идеи независно од тоа дали биле леви или десни, дали биле централисти, врховисти и слично, тоа беше изречено во вториот ден од седницата.

За внимателниот слушател не беше тешко да се поткрепи од бројните излагања ова што го реков за претходните денови. Првиот ден слушнавме нешто вообичаено за нашата историја дека е фалсификувана, треба да се читаат туѓи истории ако сакаме нешто да научиме и за нас сето тоа е веќе чуено и ништо невообичаено, ништо посебно не е вознемирувачко иако сето тоа им оди на рака на нашите соседи и тие го тврдат истото за нашата историја дека е фалсификувана иако нивните истории вријат од фалсификати. Не тврдам дека нашата историја секогаш ја кажувала и ја кажува историската вистина и дека нема други истории што ја кажуваат вистината и што треба да се читаат и проучуваат, но кога на вториот ден од расправата беше развиена тезата за 100-годишниот континуитет на идеите на разните ВМРО-вски организации од 1893 година наваму за нивната идентичност било да доаѓаат од левото или десното крило на ВМРО, односно претходно што ги спомнав и дека сите тие можат да се вклопат во овој закон и за тоа дека ВМРО-ДПМНЕ е легитимен наследник на таквите идеи и нивен продолжувач, ми стануваат се појасни игрите што се присутни околу овој закон.

Без никакви претензии да навлегувам во историјата и да ги интерпретирам настаните што се случувале во поновата македонска историја, особено последните 10 0 години од формирањето на ТМРО и потоа ВМРО само би напомнал дека во еден подолг период и во идеите на ВМРО беа инкорпорирани пробугарските идеи на Тодор Александров, признавам дека е контроверзна личност и не можам да кажам децидно и потоа неговиот секретар Ванчо Михајлов.

Оној што се повикува на континуитетот на идеите не може да ги прескокне и овие од историјата на македонскиот народ кои јасно го протежираат бугарскиот производ на Македонците за нивното бугарско потекло што долги години беше присутна единствената идеја во таа раз-

мисла дека во Македонија има се друго само не Македонци. Во тие идеи јас не гледам никаде борба за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Ако од истите луѓе на иста седница се бара рехабилитација на прогонуваните, затвораните и осудуваните за идеите на ВМРО ан женерал, тоа значи дека се бара рехабилитација и за луѓето од типот на Ванчо Михајлов и неговите следбеници. Тие никогаш не се чувствувале како Македонци, никогаш не се декларирале како Македонци ништо друго освен Бугари, па сходно на тоа не можеле да се борат за идеите на самобитноста и државноста на македонскиот народ што значи дека не можат да потпаднат под јуриздикција на овој закон.

Тоа би била најголемата неправда што би ја нанеле на оние лица што се бореле за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Во таа смисла ќе направам една мала дигресија оти се до сега не ми беше јасно зошто се рушат бистите на првоборците и народните херои. Мислев дека се тоа лични фамилијарни и други нетрпеливости затоа што луѓето во местата се познаваат, имаат некои закачки и тоа не е одамнешно да немало лични закачки и нетрпеливости. Сега работите некако ни се појасни. Веројатно тоа била некаква идеја, можеби сака да се каже дека тие луѓе се бореле на погрешна страна, а знаеме дека се бореа, во најголем случај против бугарскиот окупатор и балистичките банди. Во нивните редови се бореа и комунисти и ВМРО-вци и обични граѓани што не знаеја за никаква политика, туку едноставно се чувствуваа како Македонци и се бореа за самобитноста на тој народ и за ништо друго. Дали се сака сега на фундаментот од тие бисти да се постават бисти на некои луѓе што се бореле за некои други идеи. Дали се за оние што биле на другата страна? Ако е тоа идејата нека се каже отворено без мимикрија затоа што кога тогаш вистината ќе излезе на виделина. Заради сето тоа треба да се запраша човек кој е кој во таа збрка на идеи полни со контроверзи присутни околу борбата за нас-

ледник на ВМРО Гоцева, што е тогаш со другите, што застапуваат тие, кои се нивните опции.

Ако се прочита законот се забележува само присутноста на идеите на ВМРО без никаква ограда дали сите тие можат да се сместат во овој закон без да се поцрвени од страна на предлагачите. Затоа што и јас знам некои што лежеа во македонските затвори, а ги носеа идеите на пробугарското ВМРО и денеска се во ВМРО - СМД од Софија.

И припаѓам:на Либералната партија и навистина сакам да се однесувам либерално, но не толку да можам да гласам за еден таков закон и за таквите луѓе. Законот мора да биде селективен и дециден.

Што се однесува до крвниците -на македонскиот народ и Македонците што како дискусија беа присутни во искажувањата од оваа говорница ќе беше фер барем ако се спомнеше 1924 година, Горна Џумаја, Софија и друго места и настани и периоди по 192 4 година затоа што тоа не може да се премолчи, има се уште живи сведоци од тоа време, сето тоа е во живи сеќавања присутни во дел од Македонија како во источниот дел од Македонија така и во пиринскиот дел. Заради сето тоа треба да се подготви и предлози закон од Владата или од друг кој нема да биде оптоварен со толку нејаснотии и дилеми како овој затоа што нема да се бави со програмски идеи и определби на партии, туку доследно ќе ги интерпретира определбите од Уставот и ќе ги оживотвори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, изгледа овие неколку дена некои од наш пратениците изразија желба, а некои по се

изгледа настојуваа и да го остварат да се промовираат во предавачи на универзитет. Затоа држеа долги предавања, па да кажам и ни солеа памет. Меѓутоа, мојата цел не е таа да го оправдувам или не, туку само ќе го изнесам моето мислење во однос на она што е предложено.

Кога е во прашање Предлогот за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО за кое нешто патем речено расправаме веќе неколку дена и му стануваме досадни на граѓанството, ќе го изнесам своето мислење.

Имено, Предлогот како таков заслужува внимание, но само доколку тој како таков би бил насочен во правец на рехабилитација на сите граѓани кои беа неправилно затворани, осудувани, казнувани и ликвидирани во воениот и повоениот период, за оние кои не се рехабилитирани. Инаку, така како е предложен истиот е дискриминаторски и не се совпаѓа со определбите зацртани во Уставот на Република Македонија

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:** (продолжение)

чии што темелни одредености меѓу другото се основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати во меѓународното право и утврдени со Уставот и владеењето на правото или пак со она што е зацртано во член9 од Уставот. Цитирам: "Граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потеклото, политичкото и верското уверување, имотната и општествена положба, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви". Мислам дека со поднесување на вакви предлози граѓаните ги ставаме во нерамноправна положба Определбите од Уставот оние што јас ги прочитав, кои што зборуваат за слободите и правата на човекот на мене не ми даваат право истиот да го поддржам." И на крајот ќе кажам само два збора треба да водиме сметка, бидејќи граѓаните не гледаат колку сме непродуктивни, дајте да се оканиме од таквите дискусии и да бидеме продуктивни.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас ќесе потрудам да бидам краток и ќе кажам две три реченици во врска со Законот за рехабилитација на учесниците на ВМРО. Мислам дека овој закон не треба да се прифати и да и дозволиме на Владата на РМ да признае еден подециден закон во врска со рехабилитација на граѓаните на РМ во сите периоди, мислам континуитетот за создавање на РМ. Меѓутоа, бидејќи за овој закон зборуваме и дебатираме скоро четири дена јас мислам дека подобро предлагачот да организираше еден историски симпозиум и веројатно бидејќи таму се судрувавме со истакнати историчари кои немаше да ни дозволат вака да дебатираме овде и вака денеска сите се занимаваме со голем број на цитати. Меѓутоа ќе предложам на следниот начин, еден пратеник на говорницата

рече и изнесе многу неточни факти а јас забележав едно кога рече дека немојте да дозволите албанците да ви ја искривуваат историјата. Јас на тој пратеник ќе му одговорам на следниот начин. Вие господине пратениче лично ја искривувате историјата и тоа злонамерно, бидејќи историјата на овие простори на Македонија е заедничка, што значи на македонците, албанците, турците и на другите жители кои живеат на овие простори. Па ако ки дозволите да продолжам за време на турското ропство против турците се боревме со заеднички забји, а тука е и Илинденското востани, Крушевската Република, што знаеме дека нашата застапеност беше 2+2 и да не зборувам понатаму. Исто така, против фашистичка Германија пролеавме заедничка крв, а тоа ни е АСНОМ 1944 година, и после ослободувањето имаме и многу албанци кои со политички прописи беа ликвидирани. Јас би набројал некој, веројатно ќе се повторам со некој од албанските пратеници, тоа се Неџат Аголи. Ќемал Аго.ли, Том Џелаин, Шумски што на старите им е познат, а во Кичевскиот крај е ликвидиран борецот Џареџа така да ако гледаме еден континуитет што и ден денеска велиме дека во ова демократско време имаме ред други албанци кој од тоталитарниот систем беа казнувани со тие партиски казнувања, односно затворани, па веројатно ќе бараме и нивна рехабилитација, а некои од нив се овде како пратеници, а за жал има и пратеници кои ги казнувале тие пратеници. Ако ми дозволите да цитирам, реков дека доста цитиравме, јас ќе цитирам еден цитат од Крушев- ската Република, така да во изборното претседателско тело имало по двајца, реков пред малце, меѓутоа истакнатиот организатор на ВМРО Никола Петров Русински во една декларација прочитано на 3 јуни 1903 меѓу другото подвлекува дека тој пламен приврзаник за слободата на целокупниот народ во Македонија без разлика на вера и нација, значи

тоа го потврдува и учеството на албанците и турците во тоа Илинденско востание. Па ќе речам за АСНОМ 1944 година, една книга издадена од Институтот за национална историја во која книга на страна 72 меѓу останатото пишува и ова. Цитирам: "браќа и сестри албанци и албанки немојте да оставиме на крвавите германски окупатори да ги скараат нашите братски народи. Немојте да оставиме да го разбијат нашето борбено единство и да ги раздвојат нашите две славни знамиња, знамето на Сќендер Бег и знамето на Крушевската Република'.' Па затоа, не сум историчар можеби ќе бидам погрешно сфатен, требаше да организираме еден историски симпозиум и да ги изнесевме сите факти овде, а за жал изгубивме доста време, нормално некој за личен маркетинг, некој за партиски цели, меѓутоа јас мислам дека изгубивме доста време и на крај резултатот ќе биде можам да речам нула, ако ми дозволувате. Бидејќи не е тоа што знам да потценувам некои идеи на тие дејци, меѓутоа, сепак не сме ние толку големи стручњаци да делиме правде или да ги рехабилитираме сите што учествувале во разните борби за создавање на оваа Република Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сакам да исправам очигледно некои изнесени невистини. Пред се, ова е прва фаза на законот да напоменам уште еднаш, што значи дека во натамошната фаза секој кој има право, односно кој е овластен предлагач, така и Владата на РМ и сите пратеници можат прво со амандмани , ако биле во последната фаза да го изменат насловот на законот и текстуалниот дел, односно членовите на законот.

Второ прашање, таму се зборува за македонскиот народ. Еден пратеник овде изнесе дека Ванчо Михајлов. Точно е тоа дека Ванчо Михајлов и кога умре кажа дека се чувствува македонски бугари

Што значи дека ова воопшто не се однесува на Ванчо Михајлов, туку се однесува на борците за слободна и независна држава на македонскиот народ. Затоа да не ги мешаме тие поими, односно да не се импутираат некои работи. Тоа е едно.

Втора работа, мене ме зачудува како од коалицијата, условно кажано од левите партии кои се коалиција со ПДП и НДП не реагираат на вакви инсинуации каде што навистина се искривува македонската историја и се прават борци за слободата на Македонија и луѓе кои кога дојде Италијанскиот фашистички окупатор во Тетово, во Гостивар итн. сите тие облекоа црни кошули повеќето од нив, а јас кажувам дека и албанците учествуваа мал дел во НОВ, меѓутоа , повеќето и тоа е факт и тоа е докажано дека беа соработници на окупаторот, односно беа во балистичките банди. Мене ме чуди како вашите коалициони партнери односно од СДСМ и Либералната партија и претседателот на Собранието не реагирате на едни такви невистини.

**ЈОВАН МАЧЕВСКИ:**

Можеби не е тоа права реплика, туку дообјаснување на она што сакаше да инсинуира пратеникот Стоиле Стојков, затоа што тој е голем репликант и јас не сакам да му реплицирам. Сакам да дообјаснам дека и денес ќе има такви организации на ВМРО кој точно се засноваат на традициите на ВМРО на Ванчо Михајлов. Така да ако немаме дистинкции во законот, тогаш ние не ги разликуваме кој е кој што е што. Не сакам на никому ништо да импутирам, ниту ништо да му кажам, сакам сам да се произнесам . Тој што е затоа ќе каже оној што е за она другото ќе каже. Инаку реплика никако, затоа што знам дека колегата ќе реплицира, а тој знае се.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници за тоа треба внимателно да следиме кој што кажал. Ќе повторам ова е прва фаза од донесување на закон.

Во својот прв дел, значи господинот Манчевски и сите вие, односно и Владата може да предложи измена и дополнување и на самиот наслов на законот. Па еве, ќе му препорачам на господинот Манчевски да напише еден амандман во понатамошната фаза ако се усвои за изворните идеи на ВМРО. Мислам дека ќе го прифати ова, затоа што 100 годишнината ја славевме за изворните идеи на ВМРО и сите учествувавме и сите се гордеевме со таа 100 годишнина, односно 100 годишно континуирано работење на ВМРО. Затоа мислам во следната фаза пред- лагам место идеите на ВМРО да стои изворните идеи на ВМРО и мислам дека тука ќе најдеме заеднички јазик. Поминувањето, односно она идеолошко помирувањето на сите македонци , без разлика дали се леви и десни итн. Нам ни треба тоа, ни треба тоа национално единство национално помирување и затоа не начекуваат нашите непријатели, поради тоа наше неединство и ни пласираат од оваа говорница тези кои немаат ништо заедничко со македонската историја.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Повторно не е реплика, туку дообјаснување. Јас мислам дека оној што не се наоѓа во членот 36 од Уставот , нема што да бара во овој закон. Дали е тоа ВМРО или некоја друга организација не мислам да се промовираат идеи воопшто на организации или на партии. Тоа ми е зборот, ништо друго.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Само ќе прочитам еден цитат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема врска со Деловникот.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Нека се знае кој се борел во оваа Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ослободете ја говорницата.

Деловничка интервенција вие да читате текстови на некој друг. Напуштете ја говорницата.

**ЕШТРЕВ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Излегов на говорница да кажам дека дел на дискусиите од почитувани пратеници отворија една благородна можност и вршеа обид да докажат дека во ова Собрание во текот на оваа расправа сепак може да се воспостави дијалог за да се поставaт работи за кои треба да се размислува професионално, научно и одговорно. Од тие побуди ќе се потрудам со мојот скромен придонес. Дозволете ми дигресија. Чинам дека господин Оломан Сулејмани направи лапсус лингва. До колку тоа го направи намерно дозволете да кажам не се согласувам воопшто. Према мои сознанија ниту македонците, ниту албанците не се бореле против Турците, туку вршеле обиди, се организирале преку вооружени востанија да се спротистават на Отоманската империја.

Точката која е на дневен ред заслужува внимание само на рамништето на иницијатива. По мои убедувања ништо повеќе. Сите тие што дефилираат овде да докажат нешто повеќе или нешто поинаку во голема заблуда, мене ми е сосема јасно дека тоа го прават намерно. По мои сознанија македонскиот народ не се карал меѓу себе па некој да врши обиди и да повикува на единство. Синтагмата национално единство пратеници подразбира сосема друга работа, за која денеска проблематично е да се разговара и не ми оди во полза, не е во интерес на државата и на официјалната политика на РМ. Мислам дека Собранието и би требало во знак на благодарност кон иницијативата да се потсетиме за покренување на активности оваа комплексна работа, многу сложена да се воспостави на правилно рамниште, да се прават обиди во институциите на системот одговорни професионално за оваа работа, но за тоа треба време.

Понатаму, во начело од мои принципи овој закон не може и предлог закон да се прифати. Затоа велам благодарам за иницијативата, а закон се знае кој треба да припреми, а каков закон и треба на Републиката, тоа е прашање од кога ќе дојде тој закон ќе разговараме. Моите убедувања и моето размислување оди во оваа насока кога и од Владата би бил ставен на дневен ред овој закон ценам дека јас би се спротивставил. Тоа со силата на аргументите би ги наброил два три. Ценам дека во сегашниот миг во РМ сеуште е далеку онаа вистинска демократија која ни е потребна. Во РМ сеуште не сме успеале да создадеме демократски механизми низ кои сите подеднакво, значи демократски мислиме, ќе расудуваме, ќе делуваме. На крај во едно време кога сеуште во Собранието на РМ се појавува невидена дрскост на тандемско повикување на сите Македонци да се спротивстават на сето тоа што е од луѓе немакедонски тука дијалог нема . Тука доминира желба на инстинктот на животното и тука дијалогот е прекинат и тоа намерно, но толку неодговорно, а мислам и недоволно совесно, тоа се прави намерно.

Моите залагања се во сосема спротивен правец. Дозволете да ви кажам дека е големо задоволство што јас сум се обидел да ја учам историјата на македонскиот народ. Дозволете да ви кажам дека до некаде сум успеал барем во основа за тука во фундаментот работите да ги подразбирам добро. Дозволете да ви кажам дека сум вршел напори во животот да ја учам историјата на повеќе народи и напри и историјата како сеопшта наука на човештвото.

**ЕШТРЕФ АЛИУ: (**продолжение)

Дозволете да ве потсетам .дека кај многу од вас не постои желба, готовност и спремност да се знае нешто повеќе од историјата на првиот близок и првиот сосед. Па господа пратеници, тогаш позициите на кои ние стоиме очито ни е јасно дека за жал не ни се исти. И затоа дозволете закон за рехабилитација да носат демократските сили, да носат закон луѓе институции кои се заедно, луѓе и институции кои мислат,делуваат и чувствуваат под еднакво за иднината на Македонија. Нека не се вршат натпревари на зборови со голема неодговорност да се наметне закон од една партија и тоа опозиција. Тоа е очигледно јасно на сите дека тој закон и заради тоа не треба да се прифати и за тоа нема никаков грев, никаков срам, туку една концепција на поставеност во гледање и решавање на проблемите во Република Македонија.

Апсолутно зборувајќи не за законот, туку за дел на дискусиите, апсолутно не станува напор да се дообјасни на правичен начин во духот на тоа што е демократија, деморктичност и рамноправност. Кој е ангажманот и за каков вид луѓе се бара рехабилитација? Дали Вие воопшто не чувствувате потреба да барате рехабилитација за луѓе кои малку претходеле во потребата на присуството на демократијата во Република Македонија и во Југославија за време на тоталитарниот систем. Не чувствувате ли потреба за луѓе кои гледале малку повеќе преку ридот за либерализација на односите во оваа држава, не чувствувате ли потреба да барате рехабилитација на луѓе кои преку тие постојни институции и можности смело, одговорно, со одговорност кон кажаниот збор и званично вршеле напори за присуство на повеќе демократија, на повеќе правда, на повеќе правичност за хуманизација на односите и за рамноправноста на граѓаните во оваа Република. Тука не слушнав дека станува збор за потреба од ваков вид рехабилитација на луѓе. Кога би било така, тогаш јас не можам да бидам убеден дека во овој парламент ќе се најде пратеник кој ќе биде во спротивен строј, или во строј карши до сите други 119. Што се бара тука? За тоа што се бара тука не постои дијалог. Мене ми е многу жал што расправа се води во Собрание, што расправа се води со тоа ниво, што ние не наоѓаме сили и снаги да се спротивставиме на тие што грчевито низ говорницата на Собранието допринесуваат за заладување на односи, за нови двојби, за нова несигурност, за нови тензии, секогаш не задоволни.

Од сето тоа многу малку што ја прават демократските снаги во Република Македонија, што ја прави и оваа Влада актуелна на која ова Собрание не се обиде да и обезбеди никаква позиција. Напротив и смета во работата секој ден, водејќи не милосрдна војна не со дијалог, туку со едно стран начин на размислување, со многу зборови, со многу клевети на недостоинствен начин, со многу произволности без потреба на спротивставување со силата на аргументите. Било тоа да е сила која се бори присутна и во парламентот која е спремна другите да ги обезбеди, другите да не ги прифати, една партија заради свои интереси да ја постави како континуитет на лошото што апсолутно не кореспондира со вистината, да не изрази најмала желба на тие млади луѓе да им даде барем едно признание со коректност дека најдоа сила интелектуална и професионална на тоа што е се лошо во агаж на еднопартиски систем да кажат стоп и на сите други да им најават можност во рамноправна борба да се однесуваат во првите парламентарни демократски избори во Република Македонија. И заради личен интерес- дури тука има обиди за секакви дисквалификации, сето тоа што е црно да им се опише на луѓе кои со ништо тоа до денеска не го заслужуваат, негледајќи во сопствени редови дека бетер, далеку од таквите воопшто и не ги спомнуваат. Таков еден начин за борба за власт не води никаде и еден таков начин на спротивставуваше во расправите за суштествени работи носи само зло и ги стопира и овие мали демократски процеси и овие врти кои се отворени и овие обиди на сите заедно кои сакаат да имаат по демократски, по хумани закони и овие обиди на демократија која веќе го убедува професионалниот политички и демократски свест дека во Република Македонија сепак доминираат демократските снаги, а другите сакаат сето тоа да го негираат. Јас сметам дека во оваа говорница и мое незадоволство премногу се зло-употребува ВМРО. Мислам дека ВМРО и припаѓа на сите граѓани на Република Македонија. Една партија се служи со сите недозволени средства тоа да го присвои и усвои. Република Македонија и граѓаните за ова треба дебело и длабоко да размислат, да се најде начин ВМРО да стане богатство на сите, а ДПМНЕ нека биде проблем и богатство на партијата.

Господа пратеници мене не ми е потребен никаков алиби, ниту пред сопствената партија, ниту пред другите партии, ниту пред народот. Единствен алиби и сатисфакција треба да ни биде искрената борба за успех на демократијата и демократските процеси во Република Македонија. Доколку тоа ни успее, тогаш Македонија победила не сто по сто, милион посто. Зарем вие мислите дека толкаво е нивото на наивноста во нашите редови и во мене лично кога повикувате на соработка за работи за кои однапред не исклучувате. Каде тоа го има? Повик да се спротивставиш дека историјата на еден народ се искривува на оваа говорница зборува многу за себе. Треба да се дозволи, да се види дека и другиот нешто знае, но да му се дозволи и на другиот дека тие права ги поседува за голема среќа, а за жал на неколкумина да мисли поинаку. До кога и зошто? Се до моментот коа низ борбата со аргументи ќе мораме да бидеме во ист строј. Начелно престројуваше конформно на делувањето на една партија па тоа сме го виделе многу пати. Такви повици веќе се повик во пустината. Во пустината случајно може некој минувач нешто да слуша. Јас завршувам почитуван претседателе, барајќи уште еднаш повеќе напори од сите пратеници од оваа говорница да се отстранат инсинуациите, да се отстранат квалификациите сосема произволни, да се отстрани по секоја цена увреда на достоинството на луѓето присутни и не присутни.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ (**ДОФРЛУВА ОД МЕСТО)

Да се уапсат сите што го прават тоа.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Тоа Вие правете го. Јас немам таква намера пратениче, а тоа е ваш проблем и Ве молам повели тука, кажи го тоа што мислиш и некој работите ќе ги анализира и ќе процени кој каде е и кој зошто е.

И завршувам со потребата на една молба за градење на чувство на другиот да му се овозможи дијалогот рамноправен. Тоа ќе не прави по хумани, по елементи, а таа борба до вистината ќе биде по горка, но побрзо ќе ја пребродиме.. И со тоа сакам да ве замолам да сфатите дека албанците се сериозен политички субјект кој се обидува да се однесе крајно одговорно, но кој

за жал многумина од вас не му оставаат простор, просто го гушите од сите страни да не каже нешто повеќе, нешто попаметно, нешто поконкретно, нешто поиздржливо, нешто повредно во интерес на Република Македонија, дури тогаш, и во интерес на албанците.

**ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, на дневен ред е Предлогот за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затварани и осудувани за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО со Предлог на закон. На почетокот само да кажам како под број 1, да искажам една полна почит и достоинство кон борците во НОБ. Оваа точка се гледа дека отвори голема дискусија, отвори доста полемики. Денеска читавме и во "Нова Македонија" министерот за правосудство Туше Гошев од една страна, професорот Марјановик од друга страна во однос на правното, незаконското. Јас ќе го кажам она што го зборуваше позицијата од оваа говорница, дека законот каков таков не е добро да се донесе во овој момент, не е погоден, дека треба да се догради, дека ќе влезат и луѓе кои што. не се бореле за Македонија, за самобитноста на Македонија да ги отвориме страните на историјата, да проговорат историчарите итн. Мене ми се чини за овие три години доста се повикувавме на историјата и на историчарите. Ми се чини дека историчарите имаат две истории, една историја за народот да го мамат и една историја, вистинска историја полна се енигми. Енигма Ченто, енигма Панко Брашнаров, енигма скопскиот одред, енигма Петре Пирузе итн. Меѓутоа, ни падна денеска во раце жолтата книга од госпогица Доста Димвоска и На неа ги прочитав потписниците на меморандумот испратен до Мировната конфеенција во Париз во 1947 година за поделба на Македонија беа осудени на голема и тешка робија од 10 до 20 години. Не сакам да ги набројам, седум се тие, претежно доктор на правни науки, офицер на ДАГ, Коста Кончо Динев од Битола дипломиран економист, Стефан Кузманов од Битола дипломиран економист, Илија Чулев од Кавадарци д-р осуден на 20 години, убиен во затворот во Идризово, Коста Коцев Христоманов од Егејскиот дел на Македонија командант на Народноослободителна војска на Македонија осуден на 15 години робија. потписниците на меморандумот пред тогашниот Судски

совет Панта Марина, Лазо Мојсов, Коле Чашуле и Јавниот обвинител Александар Христов достоинствено го бранеа меморандумот повикувајќи се на одлуките на АСНОМ. Ова е еден дел од ова што денеска го видов, меѓутоа во очи паѓаат две работи. Под број 1 се работи за интелектуалци од врвен домен судени 1947 година, тогаш кога на Македонија сигурно многу и требале. Она што и вечерта на емисијата "Без наслов но со повод" и новинарката му го постави на господинот Крсте Црвенковски:боли глава од ум. И под два, дискредитација фамилијарна на истите фамилии. Овде од оваа говорница се спомна да не ги отвораме раните, да не ги отвараме раните овие што поминале, затоа што се зарастени. Меѓутоа, имаме примери во 1976 година во Охрид со некое писмо повторно се судени пак истите, ВМРО-овците, се интелектуалец до интелектуалец, повторно дискредитирани како личности, повторно една нивна дисквалификација лична.

На крајот само да заклучам дека колкава ќе биде рехабилитацијата или сатисфакцијата незнам, незнам законот како ќе се донесе правно, или не, меѓутоа осеќам дека е моментот на подадена рака за македонско национално единство. Дадена е рака за национално помируваше од една страна, или од друга страна можност за една историска грешка, или една историска заблуда да биде поправена.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Со предложениот закон од група пратеници се прави обид во еден законски текст да се понуди решение за рехабилитацијата, остварувањето на правата на лица кои биле прогонувани, затварани и осудувани за идеите на самобитноста на Македонскиот народ и неговата државност. Конгломератот на се она што се подразбира под поимот прогонуван, затваран и осудуван за идеите на самобитноста на Македонскиот народ, за самостојна македонска држава може да не одведе исто толку во многу недоречености и во крај неразјаснети односи што само по себе е нецелисходно, а кога на сето ова што се сака да се изрегулира во понудениот закон се додаде и рехабилитацијата, а и остварувањето на правата на луѓето кои се бореле, а следствено на тоа и биле прогонувани, затварани и осудувани за идеите на ВМРО, го прави текстот на овој понуден закон крајно неприменлив. Идејата и потребата од некакво

регулирање на оваа материја е неспорна. Но, исто така, потребата од сестрано разгледување и анализирање, а со тоа и регулираше на оваа материја е исто така неспорно. Дел од материјата што ја третира овој понуден закон мислам дека треба да се помести и да се регулира со друг акт кој согласно надлежноста на Собранието може да го донесе, дали во вид на декларација, или во вид на некој друг акт кој што е спремна да го поднесе и Владата на Република Македонија. Би сакал уште еднаш да истакнам дека за мене е неспорно донесувањето на акт со кој би се рехабилитирале сите лица кои биле прогонувани, затварани и осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Импутирањето на идејата дека СДСМ има негативен став кон ова прашање е неодржливо, исто така идејата дека коалицијата се противи но ова е неодржливо бидејќи мислењето на Владата па и предложената декларација од група на пратеници на СДСМ што е на дневен ред на оваа седница зборува спротивното. Имајќи го предвид гореспомнатото, мислам дека би требало да се смират страстите, да надвладее разумот и во овој момент да се донесе нешто што може и единствено да се донесе. Денес веќе станува секому јасно дека не е доволно сам да си ја придодадеш додавката ВМРО на сопствената партија и со тоа да станеш вистински ВМРО.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во стварноста се покажа дека во политичкото дејствување малку повеќе заеднички елементи можат да најдат партии од социјално-демократска ориентација со партии од либерална или социјалистичка опција,отколку само наречена национална партија, која што за кусо време, меѓу друготосоздаде 5 или 6 партии со името ВМРО. Тоа е логично, бидејќи во таквите партии главен и единствен критериум за нивното создавање и делување е фактот, кој е помал или поголем Македонец, кој повеќе или помалку ги напаѓа албанците и кој повеќе или помалку измислува нови комунисти. Меѓутоа, се надевам дека македонскиот народ, македонистка јавност и граѓани се повее" сфаќаат и осознаваат дека вистинскиот мост на кој што се потпира живото во оваа држава за голема среќа се наоѓа во рацете на таканаречените умерени политички партии, кои имаат изразено чувство и вистински осет за правите национални и државни интереси на македонскиот народ и на граѓаните кои живеат во РМ. Така оваа млада демократска власт и овие умерени политички сили и субјекти во нашата држава, постојано е исправена пред одговорноста. И совеста македонска да с зачува, при добивката што се вика МИР, со енергично залагање и борба за елиминирање на сите обиди кои што во последно време се манифестираат во вид на создавање на паравоени формации, без разлика на нивната национална или партиска припадност.

Второ, додека едни постојано работат на меѓународната афирмација и стабилизирање на позицијата на РМ во светот, други постојано, без око да им трепне од својата држава прават неокомунистичко и анти- демократско чудовиште. Па во тие рамки не е за чудење што на пример Република Хрватска се уште нема воспоставено дипломатски односи со Македонија или пак Бугарија и Албанија кои постојано го оддолговелчуваат воспоставувањето на дипломатски односи на амбасадорско ниво.

И на крајот сите зборуваат дека меѓународналната толеранција и соживот нема алтернатива, додека некој постојано таквата формула за опстанок на оваа држава ја третираат за национално предавство. Според тоа, на пат сме, постепено да го оствриме она што сме го зацртале, превасходно преку Уставот на РМ. Опозицијата нормално е нервозна, јас зборувам за овие крупни придобивки во овие две години со и вонредниот политички курс и искуството на претседателот на Републиката што го постигнавме, а кои се помалку во последно време, за жал, ги цениме, меѓу другото и заради фактот дека во нив уживаме до оној момент кога тие на некој начин ќе станат изгубени. Само луѓе и личности кои му припаѓаат на минатото се залагаат или бараат да докажат кое минато е поважно за денешна Македонија дали по далечното од минатиот век или ова поблиското од пред половина век, а особено ако тоа се прави без научно историска документираност, туку со еден политички нихелизам, научен цизам и емотивен реваншизам.

И на крајот би сакал да поставам уште неколку прашања конкретни, на кој што мислам дел од опозицијата, особено, во оваа Република конечно мора да се изјасни:

1. Дали борбата против фашизмот во текот на Втората светстка војна во Европа, на Балканот и во Македонија е една голема за- блуда. Дали се залудни жртвите што беа положени на олтарот за слобода и изградба на македонска држава?

2. Дали Сан Стефанска Бугарија е измислица на македонската левица или историја? Или пак се работи за стварност и денеска присутна во некои кругови во соседна Бугарија, а по прилично блиски на политичката партија на ДПМНЕ?

3 Како резултат на чие делување и на кои политички сили во очи на Втората светска војна е организирана НОБ , а преку нејзино успешно изведување е создадена македонската држава крунисана со одлуките на АСНОМ.

4. Како можете да се ставите во служба на одбрана, на чело на сите овие праведни дејци за самостојна македонска држава во минатото, кога целокупната македонска јавност беше сведок на Вашето противење во врска со организирањето на референдум во РМ 1991 година за создавање или прогласување независна суверена и самостојна Република Македонија.

5. Велите дека немате ништо против борците во РМ и дека имате респект спрема нивното дело. Но, како ќе го објасните Вашето објаснување пред само три дена кога се носеше еден закон со кој се регулираа одредени социјални прашања на нашите народни херои, носители на Партизанска споменица, а вие сите до еден ја напуштивте салата на ова Собрание?

6. Веројатно не треба да Ве потсетувам за тоа кој беше организатор на идејата да се пренесат коските на најголемиот син на македонскиот народ Гоце Делчев од Бугарија во Македонија сигурно Вие не!?.

7. Морате еднаш за секогаш и Вие да се изјасните и да потврдите дека ВМРО е сопственост на целиот македонски народ и дека станува збор за едно општо народно движење, а не дека се работи за некоја политичка партија од тоа време, а уште помалку во денешни услови да се претендира како политичка партија да се биде единствениот наследник на тоа општонародно движење од минатиот век. До толку што и во рамките на тогаш ВМРО од тој период делувале и одредени спорни историски личности како што се Тодор Александров и Ванчо Михајлов.

8. Морате јавно и јасно да се изјасните дали сметате дека процесите на меѓусебното ништеше и масовни физички ликвидации во рамките и од името на ВМРО биле резултат на идеолошки разлики и помеѓу така наречената левица и десница како што сака да каже новиот идеолог на ДПМНЕ господинот Стоиле Стојков, или пак се работи за разлики за политичкиот статус на Македонија, за националната самобитност на македонскиот народ и неговата национална посебност.

9. Да не се заборави дека процесите на рехабилитација во источно социјалистичките земји не се резултат на прашањето дали Чехот бил суден за германизам или Пољакот како Рус или нешто друго, туку станува збор за некои дела на комунистичкото мрако-бесие кои вршел идеолошка дисквалификација и дискредитација на поединци и на групи луѓе.

10. Морам да кажам дека на почетокот пред некој ден ако не се лажам, беше искажано од страна на така да кажам, и морам да признам дека сум изненаден од изјавата на првата дама на ВМРО-ДПМНЕ господата, госпоѓица, дадена со одредени задни намери и приземни побуди дека претседателот на СДСМ и претседателот на Владата не присуствувале односно не положиле цвеќе по повод 100-годишнината од одбележувањето на ВМРО, на гробот на великанот на македонскиот народ Гоце Делчев. Меѓутоа, вистината е во сосема друго истата, мислам господата од ДПМНЕ дојде со извесно задоцнување од кога почна да се растура целата така да кажам процесија, видоа дека венци беа положени од страна на политичката партија СДСМ од страна на генералниот секретар и член на претседателството. И ве молам тоа да се има предвид.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам кој уште бара збор. Репликите ќе ги оставиме, прво да видиме кој уште бара збор. (Никој).

Бидејќи нема повеќе за дискусија одиме на реплики.

Прво има збор господинот Стоиле Стојков бидејќи прв побара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, излегов затоа што сум директно спомнат. Инаку ваквиот начин да се повикува опозицијата да одговори на некои инсинуации, мислам дека се без предметни. Еве зошто. Затоа што единствената шанса на Социјал демократскиот сојуз на Македонија, ќе кажам во овој случај, за да на некој начин ја држи политичката тензија во Република Македонија е цело време да изнаоѓа непријатели на македонскиот народ односно, во овој случај една цела партија со 300 илјади гласачи ( реакција на дел од пратениците во салата) тоа се резултати од изборите господине, погледајте ги, да ги прави дека се пробугарски ориентирани. Тоа е една теза кога една партија нема идеи. Таа партија воопшто нема идеи, затоа како да ги реши прашањата на социјалните случаи и т.н., да речеме прашањата за макроекономската политика, што не само ние како партија туку и други опозициони партии ви го импотираат. Одговорете на тие прашања, а не се прави Влада само со покачување на цените. Тоа е едно прашање.

Второ прашање немаме ние право ние да одговараме, историски ќе ви кажам кој да одговори, земете ја господине Поповски книгата скратена историја на македонскиот народ, каде што помеѓу другите е и идеологот на бившата партија комунистичка, чии сте наследници, почитуваниот академик Михајло Апостолски. Ќе видите дека како еден од авторите таму, во таа книга наведува и ги класифицира левите и десните сили во ВМРО односно автономиските и федералистите. Тоа ние не сме го измислиле. Тоа е официјалната историја на овој македонски народ која што 45 години, пред да се печати доаѓаше на одобрение во Централниот комуна комунистичката партија, каде што сигурен сум и знам дека и вие

бевте во раководството и во претходното раководство, што значи дека за да се печати некоја историска вистина, Централниот комитет одобруваш Ја се чудам како не сте ги запамтиле барем тие историски дефинирани работи во однос на движењето односно организацијата ВМРО, Македонската револуционерна организација.

Санстефанска Бугарија овде никој не спомна. Еве зошто – затоа што ако вие кажувате ќе повторам 300 иљади макеоднци кои гласале за ВМРО-ДПМНЕ се бугари, вие точно одите во онаа грчка политика која собирајќи го 2-3 години што го правите вие преку печатот, преку медиумите дека ете таа партија е пробугарска итн., во Лисабон 1992 година господинот Мицотакис тие податоци кои вели дека се од македонските извори и ја цитира"Нова Македонија", ќе ви кажам искрено, вели во Македонија нема Македонци. Тоа е затоа што сте Вие заговорници на таа идеа дека нема макеоднци. А што се однесува кон националната припадност на членовите на ВМРО и првото и она се до 1944 година, тоа исто можеме да го прочитаме во книгите, да го прочитате по книгите. Јас не донесов книги ВМРО-вски напишани условно, туку книги , кој што како историски книги се одобрени од Централниот комитет на комунистичката партија. Тие книги беа званична историја. Јас такви книги цитирав. Никаде, и јас за себе кажувам дека сум македонец и тоа го знаете дека сите во ВМРО-ДПМНЕ и нејзините гласачи се македонци, македонци - патриоти. Зошто велам патриоти? Затоа што без патриоти оваа држава немаше да биде независна. Сега ќе бевме, да ве слушавме вас, пред три години што ги имате искажано или само пред две години, само ќе напоменам, вашите заложби...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам времето ви истече, без оглед на податоците.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

.. ќе бевме сега во таа Сојузна Република Југославија и нашите деца сеуште ќе гинеа на боиштата во Босна и Херцеговина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓицата Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, по кој знае кој пат го слушаме во истава сала истиот реферат од страна на пратеникот Љупчо Поповски и веќе напамет ги научивме неговите тези. Што се однесува до забелешката дека од приземни побуди сум навела факт дека претседателот на државата господинот Киро Глигоров или претседателот на Владата Бранко Црвенковски, членови на СДС не положија цвеќе на денот на 100-години на ВМРО, тоа е од основањето и постоењето на ВМРО, тоа е факт. И вие бевте присутни на истото место, а ние можеби задоцнивме, но од причини што како актуелна власт во Република Македонија, не исклучувате од сите манифестации, од сите протоколи на манифестациите. Целата македонска јавност беше сведок дека не исклучивте и од прославата на 90-години од Илинденското востание . Сакавте, бидејки централната манифестација беше во Крушево, беа поканете, непарламентарни партии/ како што беше претставникот на Републиканската партија , една партија која што има два члена и еден претседател, а беа запоставени најбројните партии во Македонија, кои што во своите програмски цели се залагаат за самостојна и независна македонска држава, а исто така се залагаат и за идеите и идеалите на Илинденското востание. Тој факт не можете да го испуштите. Исто така, во вашиот реферат , а и во она што го застапувате во печатот, беа

искажани оние обвиненија кои што беа во текот на овие 50-години, под кои што беа судени сите макеоднски патриоти за идеалите на ВМРО, вие фактички сакате и од оваа говорница да организирате судење, повторно, сега на населениците на старото ВМРО, а во тоа се обиде и министерот кој што е член ан СДС господинот Туше Гошев кој што рече дека тоа е работа на судските власти, повторно да се обноват процесите на македонските патриоти. Поголема казна од тоа не може да се случи како и поголема неправда.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Јас многу накратко ќе се задржам. Прво , мене ми е барем несфатливо, а верувам и на другите како може човек да се залага за македонско национално единство, а воедно да плука на првиот македонски генерал Михајло Апостолски. Тоа е едно.

Второ, целокупното излагаше на господинот Стоиле Стојков мислам на денешниот ден, а и претходно, можам да го квалификувам како едно очигледно жалење што ја пропуштил историската шанса во 1991 година да се изјасни за Уставот на Република Македонија, кога е крунисана независноста на Република Македонија,а сега сака да и покаже дека со носењето на голем број книги овде на говорницата, дека се бави со минатото. Јас таквата работа си ја завршив на време, во моите млади години, за разлика од него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стојков после повеќе пати.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сигурно во овој случај господинот не го употреби рефератот од пред десет години или седум години од Централниот комитет што е напишан..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи овие земања на збор не ви служат за појаснување, туку да нападнете еден друг. Мислам дека тоа не е добро.

**СТОЈКОВ:**

Еве зошто - затоа што по втор пат овде Стоиле Стојков треба да одговара дали гласал за Уставот или не. Јас ќе напоменам овде втор пат дека равенка со една непозната се решава во прво одделение сега по предметот сметање односно математика. Ако сакате ќе ви ги кажам бројките точно, па ќе утврдите, ако се знае дека 92 пратеника гласаа за Уставот. 23 припадници на ПДП и НДП не присуствуваа, односно не гласаа за Уставот. Извадете ги тие бројки, ќе видите дека остануваат 97. Ако ви ги спомнам по име 5 пратеника кои не присуствуваа тој ден, ќе видите дека Стоиле Стојков гласал. Ова е по втор пат, меѓутоа, очигледно дека треба да се вратите во прво одделение да научите сметање односно равенка со една непозната.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ќе бидам сосема краток. Вадењето од контекст на дискусијата, мислам дека е обично незнаење, а се плашам дека од големата желба, а големото незнаење да се разреши проблемот, да не ја потрошиме и таа историска прилика да го направиме тоа што се очекува од нас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ние четврти ден како дебатираме за оваа тема по овој Предлог за донесување на закон и прв резултат кој можам да го воочам од нашата дебата е дека ние веројатно меѓу себе повеќе сме се оддалечиле отколку пред да почне таа дебата. Можеби сме и биле далеку, но ова тоа го направи видливо и дека внесовме премногу забуна кај граѓаните на Република Македонија, но исто така и кај внимателните посматрачи од странство. Сигурно е дека ние како повеќето земји што го напуштиле комунистичкиот систем имаме и морална обврска добро да погледаме и да се обидеме и да бидеме упорни во тоа и решение, да ги отстраниме последиците од репресивните мерки од политички мотивираните и монтирани процеси кои се водеа против граѓаните на РМ. Такви процеси се водеа и против оние кои се искажале во борба за самобитноста на македонскиот народ и за неговата државност, но и оние граѓани кои едноставно крутите односи и рамките на комунистичкото општество не можеле да го прифатат. Едноставно покренувале, давале иницијативи или се организирале за унапредување на демократијата. Т.е. сите оние кои биле судени за политички деликти т.е. за политички ставови кои не се уклопувале во тогашниот систем.

Мислам дека што се однесува до општиот став на РМ за тоа како треба да приоде на таквите случаи од политички аспект, со донесувањето на Уставот тој став е даден. Всушност секоја политичка програма, секое политичко мислење во Македонија е легално. Политичко мислење не може да се сузбива со репресивни мерки. Се знае што е кривично дело. Не заради тоа што некој вака или поинаку политички размислува. Исто така, со донесувањето на Уставот на независна

Македонија каде ние рековме дека со тоа вековната борба на македонскиот народ за своја државотворност и национална држава е остварен со прогласување на РМ како независна држава, рехабилитирани се политички сите оние идеи кои во историјата на македонскиот народ се залагале и предвидувале негово национално ослободување и создавање на своја држава. Со одредбата за социјалните и другите права на судски репресираните граѓани заради своите политички убедувања, особено заради оние кои учествувале во антифашистичката борба и за оние кои се бореле за самобитноста на македонскиот на- род и неговата државност биле репресирани исто така во Уставот, во членот 36 е дадена основа да се донесат прописи и тие права на луѓето да се обезбедат. И по наше мислење е работа на операционализација , а не натамошно политичко прекршување во оваа Република донесувањето на соодветни прописи со кои луѓето кои политички се рехабилитирани, никој во Македонија , било кој, заради тоа што бил политички суден, сега не гледа непријател во него. Може политички да се согласува со него, може да не се согласува, но не се однесува кон него, ниту во Законот, ниту органите кои ги спроведуваат прописите не се однесуваат кон нив како кон непријатели на Македонија. Според тоа, само треба да се донесат оние прописи кои ќе ги дефинираат правата на тие луѓе, што по тој член произлегуваат, а нивната политичка рехабилитација е извршена.

Ние очекувавме пропис токму таков да дојде, кој ќе ги утврди правата на луѓето репресирани во минатото, оние кои учествувале во антифашистичката борба најголем дел се зафатени со прописите кои ги дефинираат социјалните права на учесниците во НОБ, но за другите се уштетоа прашање не е решено. Со тоа што тие луѓе ќе добијат статус со закон утврден или со други прописи се знае дека од нив хипотеката на

непријател е симната и се знае дека лично тие се еднакво правни и со еднакво морален углед како сите други граѓани кои учествувале во борбата за создавање на македонската држава, за државноста на македонскиот народ и за неговата самобитност. Според тоа, тие нивни трауми, тие нивни оптоварувања треба да бидат на тој начин и низ такви прописи симнати. Инаку, ние веројатно ќе навлеземе во нивната најдлабока интима ако почнеме еден по еден, или како категорија да ги користиме во нашите денешни партиски пресметки. Ако тие луѓе на било кој начин сфатат или почувствуваат дека нивната несреќа која ги задесила, на некого му служи за да послужи и поигра сега со нив и со нивните семејства и со нивната судбина за да може да добие некој глас повеќе овде или онде, тие луѓе верувајте ќе бидат крајно несреќни и крајно незадоволни. Меѓутоа, ние да се разбереме. Политичката рехабилитација, рехабилитацијата на политичките идеи овде, не значи посебна промоција на било која идеа. Сите политички идеи овде во стартот се рамноправни. Еднакво право има и оној што може да се заложува за едно или друго решение во било кој проблем кај нас ако се држи со своето одлесуваше, со својата дејност во рамките на со Уставот утврдените и со системот предвидените однесувања и решенија. Но, ние немаме ниту право ниту тој има смисла во повеќепартиски систем да можеме да издвоиме една идеа и да почнеме неа не да ја рехабилитираме, затоа што тоа е невозможно, тоа е повеќепартиски систем, туку да ја промовираме овде под плаштот дека се бориме за враќаше на правата на некои унесреќени луѓе кои навистина према нив е учинета неправда. Па, во тој поглед токму една погрешна теза и еден погрешен приод нас овде овие четири дена не доведе во една апсурдна ситуација. Ние се најдовме во многу тешка ситуација.

Јас мислам дека Собранието никогаш не било на толку ниско ниво како во оваа расправа што сега ја имаше. Еве ќе ви кажам зошто мислам така.

Мислам дека на никој не му е потребно да се оспори на пример општата вредност и општата доверба во МАНУ. Никој нема право такви институции што се развивале во нашиот 50-годишен развој, а сме пекале, сме тежнееле да ни се даде можност да створаме такви институции, а сме биле оневозможувани со два-три зафати, елегантни, заради тоа што политички нас некои нивни ставови и на некои од нив не ни одговараат да ги прогласиме за лажна наука, за накитена наука итн., а да се потпираме само на дел од науката. Тоа може ама во науката не, овде. Тоа не личи овде да го правиме. Мислам дека тоа е еден негаторски однос кон еден добар дел од нашата интелигенција и нејзиниот врв и мислам дека не е добро тоа да се чини. Не е добро за таа партија што го прави, не е добро за другите, не е добро за нацијата, не е добро за државата, а и не можеме да го уклопиме во еден систем на политичко натпреваруваше кое нема намера да ги доведува во прашање основите на една култура на една уметност на една наука која овде постои.

Второ, мислам дека од говорницата се направи обид да се обезвреди НОБ. Јас ве молам овде беа изречени и вакви зборови - "кои се тие борци, со кого тоа се бореле, кои тие битки ги воделе"? Јас морам да ви кажам дека тоа мора да ги навреди сите оние ако се живи, или нивните живи членови на семејството од 56.000 оружени борци и сите оние 100 илјади кои на еден или на друг начин исто така биле вклучени во НОБ. Ама, ќе ги навреди сите други Македонци и сите други граѓани на Македонија, заради тоа што НОБ Македонија ја вклучи во најмоќната

во историјата забележана алијанса, антихитлеровата алијанса. И тогаш ние го фативме, ја фативме нашата позиција и треба да имаме крајна почит кон генерациите и луѓето што тоа нас ни го овозможија.

Овде националното помирување се замислува на некој малку чуден начин. Вели што тоа востание, па таму Македонец пукал на Македотец. Убиениот во униформата бугарска бил од Смилево па имал и шест деца. Јас не знам. Ш за секој мртов и загинат, насилно за- гинат треба да искажеме почит и сожалува&е. Но, ве молам не е убаво ние оние кои ги чувале затворениците што се бореле за ослободување на Македонија и што се само заради тоа затворани, и тие што биле внатре да ги изедначуваме. Тоа тешко ќе можеме да го изедначиме....

(реагирање на пратениците од десната страна).

Ве молам, ве молам, вие зборувавте овде . Јас сум претседател па многу внимателно ве слушам вас и не ви упаѓам.

Е сега натаму. Сеедно дали има 1945 и какви има истапи, и за тоа ќе зборувам сега, но ако сакате да исправиме некоја неправда од 1944 до 1990 година не можеме да ја исправиме , ако мислиме дека треба да збришеме се она на што ние се потпираме. Тоа не може да се направи. Според тоа, самата идеа за некое вакво национално помирување и вакво доведување во прашање на НОБ, на целиот воен напор што македонскиот народ и граѓаните од Македонија и овде од националностите, немојте да си играте, беше многу важно. Партизански бригади до Албанците или одреди или што беа , влегуваа заедно со нашите одреди во некои од западните градови и се спротивставуваа на германската војска. Тоа беше многу важно. Имаше балисти сигурно, но морам да ви кажам оти ако ние ги легализираме нашите квинслинзи да ги

рехабилитираме , да им даваме морално право они да го покренат прашањето балистите да ги рехабилитираме. А тоа невозможно е и мислам дека тоа не води на сосема друг пат. Па според тоа треба ние да се разбереме сега.

Според тоа, таквото оспорување што овде четири дена се слуша на НОБ тие итрини кои ќе се доведе во прашање командантот како предавник се наведува и џелат, командантот на таа војска, а кобајаги некои борци имало таму што биле чесни, а сите другите не- чесни и не изиграле. Таа работа е само фази како да се обезвреди една цела етапа, најбурна и највредна на нашиот народ и во историјата на Македонија. Само прва етапа. После со сите оние што следат лесно е. Според тоа мислам дека тоа е многу опасна работа. Таквите напади кои се усмерени на столбовите на оваа држава, потоа да се прогласат дека АСНОМ е дело на ВМРО, ве молам....

(реагирање на пратениците од десната страна).

Ве молам, на памет не му- паѓа на никого. Ченто никогаш не бил член на ВМРО. Земете го составот ќе видите дека четири години ВМРО било надвор од играта за време на војната. Земете ги малку документите ќе видите.

(Павел Шатев).

Ќе дојдеме и на тоа. Точно е тоа дека во НОБ, во текот на борбата се приклучија и некои стари членови на ВМРО.

(реагирање на пратениците од десната страна).

Ве молам, оние членови кои упорно беа против другите членови од ВМРО, другите нивни струи, оние кои беа директно против Тодор Александров и неговата струја и оние кои беа директно против Ванчо Михајлов и неговата струја. Овде вие зборувате , сакате да исперете раце од Ванчо Михајов. Па он не беше комуниста господо. Он беше исто така на чело на една струја на ВМРО. А исто- времено тврдите дека целиот ВМРО е единствен и дека целиот ВМРО се борел за независна македонска држава и за самобитноста на македонскиот народ. Ве молам, јас мислам дека секој разумен човек тоа ќе го сфати како тактика , дајте сега нека се сфати дека само ВМРО- вците и дека само ВМРО се борело за самобитноста на македонскиот народ и независна држава Македонија. Нека го тоа изборимe, а сите други што се бореле и цела војска што настанала од 56 илјади вооружени војници тие биле непријатели и ги гонеле патриотите или нивните водачи тоа го правеле, тогаш прво тоа ќе го расправиме, да го тоа утврдиме ако може, а после тоа лесно, ќе спаднеме на тоа кој се борел за македонска национална држава. Ќе ја заборавиме самобитноста на македонскиот народ во II фаза, III фаза, па ќе видиме дека и Ванчо Михајлов едно време се борел за независна македонска држава. Како држава на бугари од Македонија, како втора бугарска држава Македонија.

Па ве молам, таа тактика е еднаш веќе нудена овде, таа тактика е отфрлена. Затоа политички промоции врзани за луѓе кои можеби си правеле и сами автохтона организација на ВМРО овде, ама одвоени од овие струи и со манипулација со такви луѓе, тоа јас морам да ви кажам оти е лошо. Прво е недопуштив однос према тие луѓе, а друго и многу лоша услуга на својата држава и на сопствената партија се прави.

Е сега видите, такви поигрувања дека цело ВМРО е единствено стално и сите се борат за македонската држава , не доведува сакале или не, до тоа да понудата на Ванчо Михајлов овде да создаде на 6 септември независна македонска држава под покровителство на Хитлер, да биде борба за македонска независна држава. И него го квалификуваат во сите овие борци, се борел за независна македонска држава. Па ве молам, на кого тоа Хитлер му помогнал од атуистички интереси да направи своја независна држава.

**СТОЈАН АНДОВ** (продолжение)

Тоа му е понудено за да се овозможи непречено повлекување на германските трупи од Грција. Ве молам, ако сите струи на ВМРО се бореле за независна Македонија, ако е единствено ВМРО, тогаш не ќе знаеме кој тоа излегол надвор од ВМРО.(дофрлања од место на некој од пратениците - "никој не го кажа тоа"). Не, тоа не го реков- те, само ова што го рековте - го рековте. Викате, г-дине Стојков, вие не убедувавте овде дека единствено е ВМРО во историјата, цело е единствено, постојано единствено.

Друго, вие ни поттуривте овде текст во кој велите дека каква е нашата историја, па што - еве и Стојан Мишев, и Тодор Алекснадров, и левите и десните викале оти се од бугарско национално потекло. И тие што ги прочита се уште таму. Така, така прочита овде. Ве молам,тоа го понудивте. Сигурно има и такви автори кои тоа го тврдат и го утврдиле и има и други автори кои друго тврдат и друго утврдиле кај други, не кај нив. Никој овде не зборува за Крсте Мисирков, никој не зборува за сите македонсисти кои се обвинувани фактички. Димитрие Чуповски на пример. Никој не го спомнува тој историчар, да кажеме Блаже Ристовски кој политички може би имавме некои разидувања овде во Парламентот, но како историчар мораме да ги видиме неговите вредности, тој цело време е на една линија, културното и национално освестување на Македонија го изведува.

Според тоа, ако ние наведие дека цело е ВРМО, единствено постојано било, нема поедини струи, и фашистите внатре што биле се вградени внатре. Ако кажеме дека сите од ВМРО СЕ изјаснувале

како бугари, тогаш е само еден че^сор од тоа да се отстапи од целокупната концепција, да му дадеме аргументи на некој друг кој ја водел за создавање на македонската национална држава овде. Тоа се работи кои можеби се недоразбирање, можеби, еве, не сме разбрале. Меѓутоа, овде беа речени тие работи, тие работи овде беа изнесува- ни и тие работи морам да ви кажам мене длабоко ме загрижуваат. Тие работи мене ме одвојуваат од основната тема дека сме должници спрема одредена категорија наши граѓани кои се движат и со нас припаѓаат на исто општество каде што се заштитени и со Устав гарантираните човечки права и граѓански слободи, кои биле малтретирани и носат печат од некогаш, сега тие се загрозени од можноста да се манипулира во вакви цели, во вакво доведување во опасност на целата наша натамошна историја.

Сега ние зборуваме за идеи, идеи од минатото. Но изгледа идеите за нашата иднина сакаме овде да ги памтиме во оваа сала. Тоа не е добро, господо. Не е добро, треба многу да се внимава околу тие работи. Само да ви кажам каков меѓународен општ ризик носи вбројувањето да кажеме на тие организации од фашистички карактер што биле во рамките или во покровителство на хитлеровите и мусолиновите сили. Јас морам да ви кажам дека постои веќе и список во Европа на земји кои под демократизација, транзиција и помирување постепено се обидуваат да ги оживеат фашистичките организации и фашистичките определени и тоа станува помалку проблем.

Македонија, ваква мала земја - шведските политичари и Норвешките политичари не се срамат да кажат дека мали земји и инсистираат на тоа дека се мали земји, ваква мала земја сеуште со сериозни проблеми околу одбраната на меѓународната позиција да ја

изведеме на едно такво чисто поле на нови притисоци, на нови недоверби, тоа е недопустливо. Ние можеби имаме и вакви и такви книги, некој научник и вака и така пишува и да ги пуштиме научниците да си пишуваат некаде таму. Ние овде треба да размислуваме политички. Ако сакаме да се задржиме на прашањето на кое треба да се задржиме, на тоа да се задржиме, што поскоро да се изјасниме по овој предлог, а сите други концепции треба да се знае дека народот ќе ги прочита.

(Претседателот Стојан Андов се враќа на претседавачкото место).

Има уште 8 пратеници пријавени за дискусија.

Со работа ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 17,05 часот).